# Можности и бариери за младинско претприемништво и вработување во приватниот сектор во Северна Македонија

Институт
за
европска
политика.
Скопје

МЛАДИНСКИ
ОБРАЗОВЕН
ФОРУМ
YOUTH
EDUCATIONAL
FORUM

# МОЖНОСТИ И БАРИЕРИ ЗА МЛАДИНСКО ПРЕТПРИЕМНИШТВО И ВРАБОТУВАЊЕ ВО ПРИВАТНИОТ СЕКТОР ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# Можности и бариери за младинско претприемништво и вработување во приватниот сектор во Северна Македонија

Издавач:
Институт за европска политика

Уредници:
Д-р Симонида Кацарска; **МА** Ристе Јуруковски

Автор:
Ангел Мојсовски

Дизајн и печатење:
Релатив

CIPE Center for International Private Enterprise

Овој документ беше изработен со финансиската поддршка од ЦИПЕ. Гледиштата презентирани во овој документ не ги претставуваат на ниеден начин официјалните ставови на ЦИПЕ.

# Содржина


6. Листа на кратенки
7. Предговор
8. 1. Вовед
10. 2. Методологија
12. 3. Терминологија на поими

13. 4. Можности и пречки за развојот на претпреимништвото
13. 4.1 Регулирање на влез и институционални ограничувања и деловно опкружување
15. Наоди за регулирање на влез и институционални ограничувања и деловно опкружување
16. 4.2 Финансиски пречки
17. Наоди за финансиски ограничувања
18. 4.3 Претприемничка способност
19. Рамка и програми насочени кон зајакнување на вештините, знаењата и образованието
22. Механизми и поддршка за развивање на претприемништвото - Акцелератори
23. Наоди и заклучоци за претприемачката способност
24. 5. Вработеност на младите - ситуација и мерки
31. Наоди за младинско вработување

35. Заклучоци и препораки
35. Препораки за отстранување на пречките и поттикнување на младите луѓе да се вклучат во претприемништво
36. Препораки за претприемничко образование:
36. Општи препораки за отстранување на препреките за вработување на млади во приватниот сектор:

37. Анекс 1- Клучни чинители, мерки и политики во државата

39. Библиографија

# Листа на кратенки

**АВРМ** Агенција за вработување на Македонија
**АППРМ** Агенција за поддршка на претприемништвото на Република Македонија
**ФИТР** Фонд за иновации и технолошки развој
**ИПА** Инструмент за претпристапна помош
**УСАИД** Американска агенција за меѓународен развој
**МОТ** Меѓународната организација на трудот
**МОН** Министерството за образование и наука
**МФ** Министерство за Финансии
**МТСП** Министерство за труд и социјалкна политика
**МЕ** Министерство за економија
**ЈИЕ** Универзитетот на Југоисточна Европа
**ГМП** Глобален Монитор за Претприемништво
**МРФП** Македонската развојна фондација за претпријатија
**ЕПИ** Институтот за европска политика – Скопје
**МОФ** Младинскиот образовен форум
**ЦИПЕ** Центарот за меѓународно приватно претприемништво
**НСПК** Национален совет за претприемништво и конкурентност на РМ
**УНДП** Програма за развој на Обединетите нации
**УЈП** Управа за јавни приходи
**ЦВ** Центар за вработување

# Предговор

Оваа анализа е подготвена од Институтот за европска политика – Скопје (ЕПИ) во рамките на проектот „Ангажирање на приватниот сектор во образованието за претприемништво" кој се спроведува во соработка со Младинскиот образовен форум (МОФ), со поддршка од Центарот за меѓународно приватно претприемништво (ЦИПЕ)[1]. Целите на проектот се следните: i) да се зајакне капацитетот на младите да се вклучат во претприемништво; ii) да се зајакне улогата на приватниот сектор во образованието за претприемништво за младите во Северна Македонија; iii) да се засили јавната поддршка за политиките што ги подобруваат економските услови за младите во Република Северна Македонија.

Им упатуваме благодарност на сите клучни чинители и млади кои учествуваа во теренското истражување и ги споделија своите ставови, искуства и препораки и со тоа придонесоа кон кредибилитетот на изложените наоди.

1 https://www.cipe.org/

# 1. Вовед

Економскиот развој е од суштинска важност за зајакнување на благосостојбата на сите поединци кои што живеат во земјите во развој ширум светот, а особено младото население кое влегува на пазарот на трудот и е на почетокот од своето економско дејствување. Претприемништвото се покажа како начин да се зајакне економската активност преку нов влез и раст на претприемнички фирми. Сепак, постојат пречки кои младите во Северна Македонија ги водат кон непродуктивни патишта, а тоа не придонесува кон долгорочен економски развој.

Заради тоа целта на оваа студија е да ги анализира можностите и бариерите за младинско претприемништво и вработување на младите во приватниот сектор во Република Северна Македонија. Воедно, студијата идентификува и формулира докази за да даде конкретни препораки за решавање на овие бариери, но и истовремено да ги посочи можностите со кои би се зајакнале претприемачките капацитети на младите луѓе во државата. Дополнително, препораките на оваа анализа целат кон тоа да придонесат кон поттикнување и зголемување на улогата на приватниот сектор во образованието за претприемништво; како и зајакнување на јавната поддршка за економски политики со што би се подобриле условите за вработување и претприемништво на младите луѓе во Република Северна Македонија.

По годините на политичка криза, изборот на Парламентарниот состав во декември 2016 и конституирањето на новата Влада на 1 јуни 2017, ги намали политичките тензии и го поплочи патот кон поголем фокус врз економскиот развој во земјата.

Дополнителен проблем во минатото, кој директно влијаеше на економската клима беше и спорот за името со Р. Грција. По 27 години, проблемот беше решен со потпишувањето на Преспанскиот договор.[2] Со Договорот се расчистува патеката кон ЕУ интеграција, што ја зголемува сигурноста кај странските инвеститори, а треба да има и позитивно влијание врз економиајта и претприемништвото - „решениот спор со името ќе отвори и можности за поголем раст“[3].

По потпишувањето на Преспанскиот договор се забележуваат движења во позитивна насока. Економскиот раст беше 2,7%, а инвестициите почнаа да растат, а фискалниот дефицит се намали, иако во голема мерка поради мошне малото трошење на капитални инвестиции.[4] Невработеноста падна на рекордно ниско ниво (20.7%)[5], укажувајќи дека економијата е во закрепнување. Од друга страна младинската невработеност е се уште исклучително висока и изнесува 45.4%.[6]

Иако за претходната година политиката на Владата не беше целосно насочена кон економскиот развој, сепак имаше одреден напредок (во споредба со претходни години), а политичките водачи во земјата најавија дека оваа „2019 година ќе биде и економска година за Македонија“[7]. Сепак, треба да се напомене дека сепак, овој напредок е најмал во споредба со другите земји од Западен Балкан.[8]

Во тој контекст, постои остварлива можност за претприемништво како економска активност која може да придонесе кон позасилен економски развој и раст, што ќе доведе до поголеми можности за младите лица да влезат на пазарот на труд и активно да учествуваат во економкси дејности.

2 Влада на Република Северна Македонија, "Конечен договор за решавање на македонско - грчкиот спор за името и за стратешко партнерство," 2018, https://vlada.mk/node/14958
3 faktor.mk, "Светска банка: Решеното име отвара простор за поголем раст," April 19, 2019, https://faktor.mk/svetska-banka-reshenoto-ime-otvara-prostor-za-pogolem-rast--1 Линда Ван Гелдер,
4 World Bank Group, Western Balkans Regular Economic Report No. 15, Spring 2019: Reform Momentum Needed (World Bank, 2019), https://doi.org/10.1596/31506. стр. 81
5 Државен завод за статистика, "Активно население во Република Северна Македонија Резултати од Анкетата за работна сила, 2018 година," 2019, http://www.stat.gov.mk/pdf/2019/2.1.19.06.pdf
6 World Bank Group, Western Balkans Regular Economic Report No. 15, Spring 2019. стр.12
7 Government of the Republic of North Macedonia, "PM Zaev in a television interview: 2019 would be the year of economy and integration for the citizens and for Macedonia," December 26, 2018, https://vlada.mk/node/16243.
8 World Bank Group, Western Balkans Regular Economic Report No. 15, Spring 2019 http://documents.worldbank.org/curated/en/219231554130333324/pdf/Reform-Momentum-Needed.pdf

Покрај тоа што е националната политика, условите и поддршката за младинското претприемништво се повеќе и повеќе земаат замав на ниво на политики на ЕУ.[9] Во таа смисла, се очекува во наредниот период земјата да се обиде да ги максимизира економските реформи со цел да ги достигне стандардите за конкурентност потребни за интеграција на внатрешниот пазар на ЕУ.[10] Во овој поглед, како предуслов за пристапување во ЕУ, земјата ќе треба „да обезбеди политики кои се јасни во смисла на тоа каква е улогата на младинското претприемништво за национален развој, политики кои ќе ги поддржат услугите кои ќе ги обезбедат потребите на младите претприемачи и кои ќе осигураат дека младите имаат пристап до неопходните финансии за започнување и развој на бизнис."[11]

Република Северна Македонија е држава која што спроведува низа мерки за стимулирање на вработувањето и претприемништво на младите. Но, сѐуште има многу пречки во пракса, но и пропуштени можности. Студијата се фокусира врз постојните правни регулативи и механизми, воспоставените практики за вработување на млади луѓе, како и врз програмите и политиките за поддршка и поттикнување на младинското претприемништво во државата. Структурата на оваа студија е организирана во пет секции: во следниот дел е презентирана методологијата и клучните термини. Во понатамошниот дел се изложени политиките, мерките како и клучните чинители во областа на младинското вработување и претприемништвото. Понатаму се презентирани наодите од тематската анализа на податоците кои се однесуваат на младинското вработување, претприемништвото и образованието за претприемништво. Последно, студијата ќе ги презентира препораките, по кои има анекс во кој се идентификувани клучните чинители.

9 European Commission, "Employment and Entrepreneurship," n.d., https://ec.europa.eu/youth/policy/youth-strategy/employment-entrepreneurship_en.

10 Anthony A. Gribben, "Tackling Policy Frustrations to Youth Entrepreneurship in the Western Balkans," Small Enterprise Research 25, no. 2 (May 4, 2018): 183–91, https://doi.org/10.1080/13215906.2018.1479294.

11 Ibid.

# 2. Методологија

## Рамка на истражувањето

Оваа студија се фокусира врз утврдување на главните пречки кон претприемништво. Се заклучува дека важни се и пречките при влез во претприемништвото и пречките по започнувањето, а во однос на растот. Новите почетоци на претрпемничките дејности придонесуваат кон економски раст и реформи во земјата, а растот на фирмите овоозможува иновативни и продуктивни производи во природата на економијата.

Моделот што се користеше во студијата ги издвојува следните низи како главни пречки при влез во претприемништвото: регулирање на влезот што претставува институционална пречка која влијае врз олеснувањето на започнувањето бизнис; финансиски пречки како ограничена одговорност и морална опасност која влијае врз отуството на финансии за сиромашните; како и претприемнички способности опишани како образовни нивоа, искуство или човечки капитал што некој го поседува.[12]

Понатаму во текстот, анализата и наодите се даваат преку призмата на овие пречки. Од аспект на младите и земајќи го предвид историјатот на земјата, последните две се најтешки за надминување и за нив има соодветен осврт.

Покрај претприемништвото, студијата дава детална анализа на можностите и пречките за вработување на младите во приватниот сектор во Република Северна Македонија. Во исто време, студијата идентификува и формулира докази со цел да се дадат конкретни препораки за надминување на пречките.

**Истражувачките прашања од оваа анализа се следниве:**

- **ИП1:** *Кои засегнати страни и какви можности (компании, организации, стартапи кои обезбедуваат можности за младинско претприемништво) нудат вработување и претприемништво за млади луѓе?*

- **ИП2:** *Кои се бариерите за вработување и претприемништво за младите во приватниот сектор во Македонија?*

- **ИП3:** *Кои се условите и алатките за поттикнување можности за вработување и претприемништво за млади луѓе во приватниот сектор во Македонија? И*

- **ИП4:** *Како може да се отстранат бариерите за вработување и претприемништво за младите во приватниот сектор во Македонија и да се собираат слични можности?*

12 http://arno.uvt.nl/show.cgi?fid=121035

## Методи за прибирање и анализа на податоците

Анализата е базирана на деск истражување, интервјуа и фокус група со засегнати страни. Во склоп на деск истражувањето беа анализирани официјални документи, односно национални закони; релевантни национални и меѓународни документи (извештаи, директиви, стратегии); и постоечка литература (истражувачки студии на слични или поврзани теми, академска литература, сива литература). Беа спроведени и 22 полуструктуирани интервјуа со четири категории испитаници: Академици и експерти; претставници од релевантни национални или локални институции; претставници од релевантни меѓународни организации и национални или локални граѓански организации; и засегнати страни од бизнис секторот во Македонскиот претприемачки екосистем. За да се надополнат наодите од интервјуата и деск истражувањето, фокус група со 10 млади претприемачи исто така беше спроведена.

Разновидниот профил на испитаниците овозможи да се вклучат ставовите и гледиштата на клучните чинители кои ги креираат политиките, кои можат да влијаат на нивното креирање но и оние кои се најзасегнати од истите. Интервјуата беа спроведени во периодот од јануари до април 2019 година. За интервјуата беше подготвен соодветен водич и прашалник и истите беа снимени, транскрибирани и обработени преку квалитативна тематска анализа.

Во секој од тематските делови, најнапред го претставуваме моделот за проценка, а потоа следат проследено со бариерите во поврзани со темите кои ги дефинираме, и последно нашите наоди и заклучоци во врска со условите и алатките потребни за поттикнување можности за надминување на овие бариери.

## Ограничувања на методологијата

За понатамошно разјаснување, треба да се напомене дека заради недостаток на прибирање податоци не можевме да го мериме влијанието или успехот на мерките на политиката во овој момент. Проценките на влијанието на регулативата (ПВР) не се спроведуваат како што е предвидено во законот, а во случај кога има ПВР, тие не ги дефинираат правилно проблемите, ги разгледуваат или споредуваат опциите, ги идентификуваат влијанијата врз државниот буџет, се дискутираат аспектите на имплементација, или ги презентираат аранжманите за мониторинг и проценка.[13] Исто така, анализата на Министерството за информатичко општество и администрација за квалитетот на проценките на влијанието потврдува дека тие се нецелосни и немаат суштински информации, и покрај тоа што од министерствата се бара да го добијат мислењето на МИОА за нивното оценување на влијанието, ова беше направено во само една третина од сите случаи.

Ова беше потврдено и во друг извештај[14] каде што наодите покажуваат дека министерствата не се придржуваат кон објавените Годишни планови за спроведување на ПВР и не ги ажурираат своите планови во случаи кога има новонастанати околности и приоритети. Оваа состојба покажува значителни недостатоци во креирањето политики засновани врз докази и недостатоци во предлозите на политиките. [15]

13 Principles of Public Administration for EU Enlargement Countries, SIGMA, (Support for Improvement in Governance and Management) http://www.sigmaweb.org/publications/Monitoring-Report-2017-the-former-Yugoslav-Republic-of-Macedonia.pdf

14 The Regulatory Impact Assessment Process in 2017 -Analysis of the Implementation of the Regulatory Impact Assessment Process (RIA) by the Ministries of the Republic of Macedonia in 2017, Macedonian Young Lawyers Association, http://myla.org.mk/wp-content/uploads/2019/01/MYLA-The-Regulatory-Impact-Assessment-Process-in-2017-Analysis.pdf

15 See Lazarevic M et al. (2015) Performance Audit and Policy Evaluation in the Western Balkans On the Same or Parallel Tracks? Belgrade: European Policy Centre. https://ten.europeanpolicy.org/images/rrpp_ten_project/performance_audit_and_policy_evaluation_on_the_same_or_parallel_tracks.pdf

# 3. Терминологија на поими

За појаснување на терминологијата, во понатамошниот текст ќе се користат следниве поими:

**Претприемништво:** Според **Европската комисија**, претприемништвото е начин на размислување и процес за креирање и развој на економска активност преку мешање на ризик, креативност и/или иновативност со здраво управување, во рамките на нова или постоечка организација.[16]

**Млади лица:** Според **УНЕСКО**, младите се дефинираат како период на транзиција од зависноста од независноста на детето до возраста и свеста за нашата меѓузависност како припадници на една заедница. Младите се потешка категорија од фиксната возрасна група. Сепак, возраста е најлесниот начин да се дефинира оваа група, особено во однос на образованието и вработувањето. Затоа, „младите" честопати се означуваат како личности помеѓу возраста каде што може да го напушти задолжителното образование и возраста во која тој/таа ќе најде прво вработување. Оваа последна старосна граница се зголемува, бидејќи повисоките нивоа на невработеност и трошоците за основање независно домаќинство ставаат многу млади луѓе во подолг период на зависност.[17]

**Приватен сектор:** Според ОЕЦД, приватниот сектор ги претставува организациите кои се занимаваат со активности за барање профит и имаат мнозинска приватна сопственост (т.е. не се во сопственост или управувани од влада). Овој термин вклучува финансиски институции и посредници, мултинационални компании, микро, мали и средни претпријатија, задруги, индивидуални претприемачи и земјоделци кои работат во формалниот и неформалниот сектор. Истиот ги исклучува актерите со непрофитен фокус, како што се приватните фондации и организациите на граѓанското општество.[18]

**Иновација:** Според Еуростат Иновацијата е користење на нови идеи, производи или методи каде што не се користеле претходно.[19]

**Мали и средни претпријатија:** Според Европската комисија, малите и средни претпријатија се дефинираат како да имаат помалку од 250 вработени лица. Тие, исто така, треба да имаат годишен обрт до 50 милиони евра или вкупен биланс од не повеќе од 43 милиони евра (Препорака на Комисијата од 6 мај 2003 година).[20]

**Претприемачи во зародиш:** Според ГЕМ[21] ова се претприемачи кои се во процес на воспоставување на бизнис и чиј бизнис се уште не донел профит во рок од 3 месеци.

**Нови претприемачи:** Претприемачи кои се сопственици или ко-сопственици на бизнис кои им донел профит повеќе од 3 месеци но помалку од 3,5 години.[22]

**Етаблирани претприемачи:** Претприемачи кои се сопственици или ко-сопственици на бизнис кои им носи профит подолго од 3,5 години.[23]

16 Eurostat, Entrepreneurship Determinants: Culture and Capabilities (Luxembourg: Publ. Off. of the Europ. Union, 2012), http://dx.doi.org/10.2785/29545.
17 UNESCO, "What Do We Mean by 'Youth'?," http://www.unesco.org/new/en/social-and-human-sciences/themes/youth/youth-definition/
18 OECD, "Understanding Key Terms and Modalities for Private Sector Engagement in Development Co-Operation," 2016, https://www.oecd.org/dac/peer-reviews/Inventory-1-Private-Sector-Engagement-Terminology-and-Typology.pdf
19 Eurostat, "Glossary:Innovation," https://ec.europa.eu/eurostat/statistics-explained/index.php/Glossary:Innovation
20 Eurostat, "Small and Medium-Sized Enterprises (SMEs)," https://ec.europa.eu/eurostat/web/structural-business-statistics/structural-business-statistics/sme?p_p_id=NavTreeportletprod_WAR_NavTreeportletprod_INSTANCE_vxlB58HY09rg&p_p_lifecycle=0&p_p_state=normal&p_p_mode=view&p_p_col_id=column-2&p_p_col_pos=1&p_p_col_count=4.
21 GEM, "How GEM Defines Entrepreneurship," https://www.gemconsortium.org/wiki/1149
22 Ibid.
23 Ibid.

# 4. Можности и пречки за развојот на претпреимништвото

**Во овој дел, како што беше елаборирано претходно, се анализира тековната состојба преку моделот кој ги наведува следните пречки за влез како главни:**

- *Регулатива за влез што претставува институционална пречка која влијае врз олеснувањето на започнување бизнис и достапност на деловното опкружување;*
- *Финансиски пречки како ограничена одговорност и морална опасност која влијае врз недостатокот на финансии;*
- *Претприемничка способност опишана како едукативни нивоа, искуство или човечки капитал што некој го поседува за забележување на деловни можности или да водење бизнис.*

## 4.1 Регулирање на влез и институционални ограничувања и деловно опкружување

Претприемачите сметаат дека административните регулативи, кога се преоптоварувачки, претставуваат пречка за формирање нови бизниси. Скапите и комплицирани регулативи можат да влијаат врз претприемачите и понекогаш да влијаат на нивните одлуки и да се премислат за отворање нова компанија. Овие постапки понекогаш вклучуваат многу хартиена документација, постојано одење до административни канцеларии и скапи нотарски и адвокатски записи. Кога ќе се погледнат бариерите за потенцијалните претприемачи, особено бариерите што можат да ги одвратат од одлуката на младите претприемачи кои немаат искуство во справување со административните процедури, овој аспект може да биде од клучно значење во процесот на започнување бизнис. Имајќи го предвид овој аспект, младите честопати, дури и ако имаат акумулирано доволно капитал за да инвестираат во отворање на компанија, покажуваат неподготвеност да отворат бизнис доколку административните процедури се премногу комплицирани.

Република Северна Македонија има воведено едношалтерски систем во 2005 година[24] со кој на инвеститорите и претприемачите им се овозможува својот бизнис да го регистрираат 4 часа по доставувањето на апликацијата,[25] што во пракса значи дека процедурата може да трае 1 до 2 работни дена. [26] Лице може да регистрира компанија во Македонија на еден шалтер, со добивње информации од едно место и со еден вработен. На овој начин во голема мера се намалуваат админситративните пречки и почетните трошоци. Освен регистрација на сите деловни активности како што е пропишано во Законот за трговски друштва, некои дејности мора да добијат дополнителни работни дозволи пред да започнат со работа. За фирмите што работат во тие области, процесот на регистрација е проселден со процес на добивање дозвола од страна на релевантните власти кои работат на предметот на добивање дозвола во дадената економска област. Освен тоа, судејќи според сите релевантни меѓународни извештаи како „Doing business“ на Светсктата банка и „Global Competitvness Report“ на Светскиот економски формум, Македонија се рангира високо на листата земји по леснотијата за водење бизнис или процедурата за воспоставување компанија, со мал регулативен или капитален товар за започнување бизнис.

24 European Commission, Commission Staff Working Paper, The Former Yugoslav Republic of Macedonia 2011 Progress Report, 2011, https://ec.europa.eu/neighbourhood-enlargement/sites/near/files/pdf/key_documents/2011/package/mk_rapport_2011_en.pdf
25 Law on The One-Stop Shops System and on The Trade Register and Register of Other Legal Persons, 2005, http://www.economy.gov.mk/Upload/Documents/zakon%20za%20ednosalterski%20Konsolidiran%20i%20so%20ednata%20izmena%20od%202016%20godina.pdf
26 The World Bank and the International Finance Corporation, Doing Business 2013, https://www.doingbusiness.org/content/dam/doingBusiness/media/Annual-Reports/English/DB13-full-report.pdf, p.59

Во тој поглед, во Северна Македонија може да се каже дека не постојат значителни административни пречки што може да ги одврати од одлуката за отворање бизнис. Имајќи предвид дека постојат сите институции кои се грижат за деловната средина и еднакви можности, дадени во Анекс 1 од оваа студија, нема значајна институционална пречка за претприемништвото, ниту пак регулативата за влез не претставува товар за претприемачите во своите иницијативи да започнат со економска дејност.

Нашите соговорници ја оценија и климата за отворање и водење бизнис и претприемништво во Македонија како поволна. Позитивна работа во развојот на претприемништвото е тоа што се развиваат многу старт-ап компании во државата, а тоа доведува до поголема економска раздвиженост, а сето тоа се должи и на популаризирањето на студиите за ИТ, само во 2017 година, повеќе од 800 студенти се запишале на ИТ студии, што е рекорд досега.[27] Во овој контекст Скопје полека станува *„во права смисла „стартап капитал" на некој начин затоа што тоа што го имам забележано последниве 2-3 години е дека се повеќе и повеќе стартапи се отвораат тука,"*[28] *и дека главна причина за оваа појава „поради која македонската метропола се најде во ова друштво е големиот бум на ИТ компании кои се основаат во последните години, како и фактот што земјата е рангирана на 10-то место во светот според условите за бизнис во извештајот „Doing Business" на Светската банка*[29].

Како и во случајот со регулативата за влез, институционалните ограничувања не го попречуваат развојот на претприемништво и вработување на млади. Дополнително, институциите развиваат голем број стратегии и програми придонесуваат кон развојот на претприемништвото во Република Северна Македонија. Подолу се наведени стратешката рамка и програмите за претприемништво, конкурентност и технолошки развој.

| | |
|---|---|
| **Влада на РМ - План за економски раст[30]** | Креирани се мерки за поддршка на стопанството, според „План за економски раст", поделени во три столба, чија главна цел е да се поддржат инвестициите, технолошкиот развој и да се подигне конкурентноста на македонските компании. |
| **Стратегија за развој на женско претприемништво во Република Македонија, 2019 - 2023[31] (МЕ)** | Стратегијата за развој на женско претприемништво има за цел економско оснажнување на жените преку создавање погодна деловна клима и обезбедување поддршка за развој развој на нивниот препретприемнички потенција, што ќе придонесе кон развој на постојните и отворање на нови претприејтија, создавање нови работни места, а оттаму и зајакнување на целокупната економија. |
| **Национална стратегија за мали и средни претпријатија (2018-2023)[32] (МЕ)** | Стратегијата ги дефинира основните стратешки цели и приоритети за понатамошно унапредување на претприемништвото и секторот на МСП во Република Македонија. |
| **Програма за конкурентност, иновации и претприемништво за 2019 година (Влада)[33]** | Со оваа програма се регулира целта на фондовите за конкурентност, иновација и прептиемништво со вкупна сума од 53.180.000,00 МКД. |
| **Стратегија за иновации на Република Македонија 2012 – 2020[34]** | Стратегијата ги идентификува политиките и активностите кои ќе се имплементираат на поле на зајакнувањето на иновативноста и технолошката подготвеност на компаниите и развојот на капацитетите на човечкиот фактор соодветни за градење на економија базирана на знаење. |
| **Среднорочна програма на ФИТР за 2018-2020 година[35]** | Севкупната цел на оваа среднорочна програма е да ја охрабри и поддржи иновативната активност во земјата. Програмата ги содржи основните развојни компоненти за периодотот 2018-2020, дава општи насоки како приоритетни цели, и мерки што треба да се преземат за нивна реализација. |

27 vecer.press, "Македонија ги губи младите инженери, информатичари, доктори," December 21, 2017, https://vecer.press/%D0%BC%D0%B0%D0%BA%D0%B5%D0%B4%D0%BE%D0%BD%D0%B8%D1%98%D0%B0-%D0%B3%D0%B8-%D0%B3%D1%83%D0%B1%D0%B8-%D0%BC%D0%BB%D0%B0%D0%B4%D0%B8%D1%82%D0%B5-%D0%B8%D0%BD%D0%B6%D0%B5%D0%BD%D0%B5%D1%80%D0%B8-%D0%B8/.

28 Интервју со претставник од Swisscontact

29 tocka.com.mk, "Скопје предложен за европски стартап град за 2019 година," April 18, 2019, https://tocka.com.mk/vesti/304757/skopje-predlozen-za-evropski-startap-grad-za-2019-godina?fbclid=IwAR2RUEJfdIpEQMaO68h87wpCKrZdR7KN080jqnnfXkzTpndlBn0JpKqzO1c

30 https://konkurentnost.mk/index.php/download/%D0%92%D0%BB%D0%B0%D0%B4%D0%B0-%D0%BD%D0%B0-%D0%A0%D0%9C-%D0%9F%D0%BB%D0%B0%D0%BD-%D0%B7%D0%B0-%D0%B5%D0%BA%D0%BE%D0%BD%D0%BE%D0%BC%D1%81%D0%BA%D0%B8-%D1%80%D0%B0%D1%81%D1%82/?wpdmdl=3708

31 http://www.economy.gov.mk/Upload/Documents/%D0%A1%D1%82%D1%80%D0%B0%D1%82%D0%B5%D0%B3%D0%B8%D1%98%D0%B0%20%D0%B7%D0%B0%20%D1%80%D0%B0%D0%B7%D0%B2%D0%BE%D1%98%20%D0%BD%D0%B0%20%D0-%B6%D0%B5%D0%BD%D1%81%D0%BA%D0%BE%20%D0%BF%D1%80%D0%B5%D1%82%D0%BF%D1%80%D0%B8%D0%B5%D0%BC%D0%BD%D0%B8%D1%88%D1%82%D0%B2%D0%BE%20%D0%B2%D0%BE%20%D0%A0%D0%B5%D0%BF%D1%83%D0%B1%D0%BB%D0%B8%D0%BA%D0%B0%20%D0%9C%D0%B0%D0%BA%D0%B5%D0%B4%D0%BE%D0%BD%D0%B8%D1%98%D0%B0%202019-2023.pdf

32 http://www.economy.gov.mk/Upload/Documents/Strategija%20za%20MSP%20-%20finalna%20verzija%2003%2004%202018%20.pdf

33 http://www.economy.gov.mk/Upload/Documents/%D0%9F%D0%A0%D0%9E%D0%93%D0%A0%D0%90%D0%9C%D0%90%20%D0%9A%D0%98%D0%9F%20 2019%20%D0%A1%D0%BB.%D0%B2.%20%D0%B1%D1%80.16%20%D0%BE%D0%B4%202019.pdf

34 Стратегија за иновации на Република Македонија 2012 – 2020 http://www.fitr.mk/wp-content/uploads/2015/02/Strategija-za-inovacii_final_oktomvri20121.pdf

35 http://www.fitr.mk/wp-content/uploads/2018/12/Programa_za_izmena_na_Srednorochna_programa_na_FITR_za_period_2018-2020_godina.pdf?fbclid=IwAR0soXpAYn1TGPI_KGVURxGHAYydJQz2xnL-n1WUoWkC8Mu4I8TBrXnKxmU

## НАОДИ ЗА РЕГУЛИРАЊЕ НА ВЛЕЗ И ИНСТИТУЦИОНАЛНИ ОГРАНИЧУВАЊА И ДЕЛОВНО ОПКРУЖУВАЊЕ

И покрај прилично деталната рамка и напредокот, целокупната слика е прилично сложена, почнувајќи од терминологијата во оваа специфична област на политиката. Од друга страна, не се прави голема разлика помеѓу претприемач и бизнисмен односно помеѓу регуларен бизнис (за кој се презема многу помал ризик) и претпријатие (каде факторот на ризик е поголем во споредба со првите). Ова го потврдија нашите испитаници. Тука особено доаѓа до израз не правењето разлика помеѓу старт-ап и мал бизнис односно *„големата конфузија настанува кога станува збор за стартапи и мали бизниси, бидејќи има голема разлика меѓутоа не секој ја препознава затоа што се стартапи, но пак ќе кажам под наводници новата генерација на бизниси, односно треба да има некоја иновативна компонента, да направи некое поместување на пазарот и треба да е поврзано со технологија тој бизнис. А мал бизнис е и пекара.“*[36]

На иста линија е и претставничката од Македонската развојна фондација за претпријатија која вели *„има многу бирократија и администрација која што овие претприемачи мора и те како добро да ја знаат, не само да знаат како да го водат бизнисот но и каде го водат.“*[37] Од ова може да се заклучи дека треба да се работи на тоа да оние млади луѓе кои ќе се обучуваат да бидат претприемачи им биде пренесен и контекстот во кој што ќе работат. Овде на пример се подразбира и даночната политика која е доста важна, особено за младите што планираат да започнат свој нов бизнис. Во овој поглед даночната политика е поволна односно има неколку закони за данок, како на пример данокот на личен доход, данок на добивка[38] како и данокот на додадена вредност.[39] Данокот на добивка има олеснување, односно фирмите што имаат промет не поголем од 3 милион долари, се ослободени од обрската за плаќање на годишен данок.[40] Тоа е можност која дава одлична предност особено за почетници односно млади луѓе во започнувањето на кариерата. Дополнително, услугите за поддршка на стартапите, особено оние од ИТ секторот, се сместени во Скопје. Покрај тоа, во септември 2019 година, Startup Македонија, во соработка со ФИТР, отвори центар за настани; соработка и вмрежување на стартап заедницата MKstartups Space, исто така лоцирана во Скопје.[41] Затоа, потребно е да се шират услугите рамномерно низ цела Македонија за да се добие еднаков пристап до сите стартапи.

Друга пречка што ја потенцираа испитаниците е недовербата во системот - државата и нејзиното функционирање, што придонесува за негативен пристап кон претприемништвото и претприемачите. Од една страна, младите претприемачи имаат негативна перцепција за целокупната деловна клима, која според нив не го поттикнува младинското претприемништво,[42] додека од друга страна, општеството има и негативна перцепција за претприемништвото, мислејќи дека „претприемачите само работат за да се збогатат додека ги експлоатираат работниците“.[43]

36 Интервју со претставник од Swisscontact
37 Интервју со претставник од МРФП
38 Управа за јавни приходи, "Даноци на доход (директни даноци)," http://www.ujp.gov.mk/mk/vodic/category/856
39 Управа за јавни приходи, "Даноци на потрошувачка (индиректни даноци)," http://www.ujp.gov.mk/mk/vodic/category/857
40 Министерство за финансии, "Закон за данокот на добивка" (2018)., член 32
41 http://www.fitr.mk/otvoren-prv-centar-na-startap-zaednicata-skopje-mkstartups-space/
42 http://www.mir.org.mk/wp-content/uploads/2016/09/%D0%98%D1%81%D1%82%D1%80%D0%B0%D0%B6%D1%83%D0%B2%D0%B0%D1%87%D0%BA%D0%B0-%D1%81%D1%82%D1%83%D0%B4%D0%B8%D1%98%D0%B0_MK.pdf p. 31
43 http://isppi.ukim.edu.mk/images/980428Kvalitativna%20studija%20za%20mladi%20-%20verzija%20za%20pecatenje.pdf

## 4.2 Финансиски пречки

Несовршеностите на финансискиот пазар се ограничувања за кои се утврдува дека влијаат врз изборот на професионално работење за започнување на претпријатие или станување работник.

Во Република Северна Македонија, традиционалните пазари на капитал се недоволно развиени и во тој поглед не се сметаат за остварлива можност за финансирање нови бизниси, особено не високоризични старт-апи за кои размислуваат претприемачите. Освен тоа отуството на значаен број фондови за расадници и стартапи, претприемнички капитал и бизнис ангели, овој аспект го отежнуваат за претпреимачите да основаат компании и да добијат финансии за своите идеи. Знаејќи го тоа, различни организации во соработка со Владата и со други чинители обезбеедуваат мреки за стимулирање и финансирање на претпреимништвото.

Следниве мерки за претприемништво се на располагање веќе долги години и им даваат поддршка на младите претприемачи:

| | |
|---|---|
| **Надлежна институција** | МТСП, АВРМ, АППРМ, ЦРРМ, ФИТР, УНДП и канцеларија на Обединети нации за поддршка на проекти (УНОПС) |
| **Мерка** | Поддршка за самовработување (претприемништво)[44] |
| **Цел и поддршка** | Поддршка за невработените да започнат сопствен бизнис, од 246.000 денари до 615.000 денари доколку има два содружника |
| **Постапка** | Воспоставена програма за општа група и "ИН група" која претставува група на апликанти со потенцијал за развивање на иновативни бизниси. |
| **Имплементација** | - Спроведување на обука за претпиемништво Претприемништво и развивање на бизнис вештини"<br>- Обука за „Претприемништво основано на иновации" за апликантите претселектирани во "ИН групата"<br>- Изработка на бизнис- план со советодавна поддршка<br>- Менторска поддршка за развој на позитивно оценетите Бизнис планови од ИН-групата и помош при изработка на предлог проект со поддршка на ФИТР<br>- Селекција на најуспешни бизнис- планови<br>- Регистрација на фирма и вработување<br>- Советодавна/менторска поддршка во период до 12 месеци од основањето на бизнисот (до 120 часа) ќе се обезбеди од страна на ФИТР за апликантите селектирани во "ИН- групата"<br>- Советодавна/менторска поддршка во период од 12 месеци од основањето на бизнисот ќе се обезбеди на следниве целни групи: |
| **Ограничувања** | - Лицата кои добиле грант во изминатите 5 години немаат право за учество во програмата како земјоделска дејност во областа на растително и животинско производство со исклучок на органско земјоделско производство |

| | |
|---|---|
| **Надлежна институција** | ФИТР, Влада, Светска Банка, МОН и други министерства |
| **Мерка** | Подобрување на инфраструктурата и пристап до финансии за истражување, развој и иновации[45] |
| **Цел и поддршка** | Кофинансирани грантови за технолошка екстензија, Кофинансирани грантови за воспоставување, работење и инвестиции на деловно-технолошки акцелератори, Техничка помош за поддршка на иновативни бизниси, Примена на иновативни решенија во јавниот сектор и организација на тематски предизвици |
| **Постапка** | Јавни повици од страна на ФИТР, селекција и добивање на финансиска поддршка |
| **Имплементација** | Спроведување на проектите и поддршката за кое е аплицирано во рамката која е предвидена со повикот. |

Проценката на долгорочното влијание на овие иницијативи е доста тешко поради слабиот мониторинг на финансираните бизниси, бидејќи Агенцијата за вработување во своите годишни извештаи само дава податоци за средствата исплатени во текот на календарската година и бројот на поддржани лица.[46]

Покрај формалната и институционална поддршка за финансирање на претприемачите, постојат и нови иницијативи кои придонесуваат на ист начин.

44 Министерство за труд и социјална политика, "Оперативен план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2019 година."

45 Министерство за финансии, "Програма на економски реформи 2019-2021 година," January 2019, https://www.finance.gov.mk/files/%D0%9F%D0%95%D0%A0_%D0%9C%D0%9A%D0%94%202019_%D0%9C%D0%9A.pdf

46 In 2018, a total of 1212 were supported with the programme for entrepreneurship. See https://av.gov.mk/content/Dokumenti/%D0%98%D0%B7%D0%B2%D0%B5%D1%88%D1%82%D0%B0%D1%98%20%D0%BD%D0%B0%20%D0%90%D0%92%D0%A0%D0%A1%D0%9C%202018.pdf

Еден од првите Клубови на бизнис ангели[47] во земјата е основан од страна на ЦЕЕД Македонија во ноември 2013. Некои од активностите на клубот опфаќаат пичинг сесии (натпревари) со претприемачите, средби со странски бизнис ангели и анализа на потенцијалните инвестиции. Покрај тоа, за постојано образование на членовите, клубот организира сесии за обука со бизнис ангелите. Како дел од проектот на УСАИД за микро и мали претпријатија, ЦЕЕД Македонија воспостави коинвестициски фонд со бизнис ангелите, во ноември 2013. Преку овој фонд, инвестирано е во 4[48] бизнис идеи, развој на еден прототип, презентирани се 135 бизнис идеи, а инвестирани се околу 250,000 евра.[49]

## НАОДИ ЗА ФИНАНСИСКИ ОГРАНИЧУВАЊА

Генерално, пристапот до финансии е важен за олеснување на нови бизниси или стартапи, финансирање на бизнис инвестиции и обезбедување на бизнис активности да го достигнат својот потенцијал за раст. Во контекст на финансиите за претприемништво, според податоците од Глобалниот монитор за претприемништво, Северна Македонија е под просечната оценка на земјите во регионот[50]. Главно, ова е резултат на фактот дека во Македонија има 15 комерцијални банки, од кои сите служат на секторот за мали и средни претпријатија— иако учеството на кредитите на малите и средни претпријатија во вкупното портфолио на заеми на банкарскиот систем се проценува на само 35% (околу 1,4 милијарди евра).[51] Но, банките не им служат на стартапите или на претпријатија во рана фаза, бидејќи тие бараат минимум 12-месечна деловна историја за една компанија да биде квалификуван да земе заем. Затоа, т6реба да се преземат активности за да се направат традиционалните извори на капитал подостапни за претприемачите во услови на тренд на намалување на каматните стапки за заеми и кредити.

Поддршката за ризичен капитал е исто така потребна со цел да бидат охрабрени да напредуваат и да се развиваат и после почетната тест фаза. Се чини дека младите не сакаат да ризикуваат, па затоа доколку бидат финансирани и им е дадено одредено време (1–2 години) да развијат проект и истиот да го пласираат на пазарот, на тој начин би имале поголема стапка на успешност.[52] „Студентите на пример, разбираат дека има повеќе ризици кога станува збор за преземање претприемништво. Од друга страна, тие го гледаат тоа (претприемништво) како нешто модерно, нешто што може да ги направи поуспешни. Но, сè уште им недостасуваат механизми, техники, алатки и простор да го имплементираат ова во пракса. Има голем јаз од раѓањето на идејата до спроведувањето на таа идеја“.[53] Активирањето на повеќе алтернативни извори, како што се бизнис ангелите и ризичните фондови, може исто така да поттикне побрз раст на стартапите. За да се постигне ова, потребна е подобра легислатива за финансирање на стартапи, што е особено потребно за помали инвестициски фондови насочени кон стартапите.

47 http://ceed-macedonia.org/ceed-macedonia-business-angels-club/

48 Brainster is a platform for offline courses where you can teach and attend courses on a wide variety of topics - from courses on social media influence and ads to web applications and street photography courses. Multipractic is a company that creates wide-ranging baby products – where each product is meant to be used in many ways, in order to reduce the cost of each family. Yanika is a Slovenian company for pet products that produce bio vegan products that represent an innovation on the market

49 http://ceed-macedonia.org/files/2014/12/%D0%9F%D0%A0%D0%98%D0%A0%D0%90%D0%A7%D0%9D%D0%98%D0%9A-%D0%91%D0%98%D0%97%D0%9D%D0%98%D0%A1-%D0%90%D0%9D%D0%93%D0%95%D0%9B%D0%98_MANUAL-BUSINESS-ANGELS.1.pdf

50 https://www.gemconsortium.org/economy-profiles/macedonia

51 Supporting "GENERATION STARTUP": Opportunities for Macedonia, December 2017 http://mfc.org.pl/wp-content/uploads/2017/11/Macedonia-Startup-Ecosystem-report-ENG.pdf

52 Interview with a representative of Mechanical Engineering Faculty, UKIM

53 Interview with a representative from the Economic Institute.

## 4.3 Претприемничка способност

Способноста на претприемачот да влијае врз изборот бидејќи со повеќе способности поединецот добива повеќе корист од изборот да се самовработи. Оваа способност се однесува на луѓе кои имаат различни способности да забележат можности и да водат бизнис.

Република Северна Македонија е земја која до 1991 година имаше планирана економија со многу малку примери за приватни компании и приватни иницијативи во економијата.[54] Да се има сопствена компанија и да се инвестира во сопствен бизнис не беше можност ниту се сметаше за опција за самовработување. Тогаш се веруваше дека работниците треба да се стремат кон стабилни лични приходи работејќи во државни компании, каде што ризикот од банкрот е мал или непостоен. Со текот на годините, социјализмот придонесе кон појава на генерации млади луѓе кои не сакаат ризици, што претставува однесување спротивно на посакуваното кај претприемништвото. Во таа смисла, желбите и аспирациите на младите за работната средина треба да се истакнат. Младинските претприемачи се на мислење дека на младите луѓе често им недостасува енергија и ентузијазам, и што е најважно храброст да ги донесат идеите на виделина.[55] Според неколку анкети од 2017 година, 57% од младите најмногу сакале да работат во јавната админситрација, додека само 20% сакале да започнат свој бизнис.[56] Друга компаративна студија покажува дека во 2018 година, процентот на анкетирани кои сакале да работат во јавниот сектор се зголемил за 6%, додека за 5%[57] се намалила желбата за работа во приватниот сектор.[58] Според дополнителните истражувања, потврдено е дека јавниот сектор исто така не развива претприемачки начин на работа.[59]

Друг клучен елемент кој ја одредува претприемничката способност е стапките на невработеност, како и нивото на образование, знаење и вештини.

Според претпоследниот[60] Глобален Монитор за Претприемништво[61], каде што земјите се поделени во три развојни економски фази – водени од фактори (factor – driven); водени според ефикасност (efficiency driven); и водени од иновации (innovation driven), Македонија е означена како „економија која се води според ефикасноста (efficiency-driven economy)"[62]. Главниот индекс што го мери Глобалниот Монитор за Претприемништво е дали се формира бизнисот од нужност (starting out of necessity) или откако ќе се препознае некаква можност (opportunity-motivated). Според овие индекси и фактори, во Македонија, се забележува најнизок просек во првиот индикатор (економија која се води според ефикасноста/efficiency-driven economy) односно земјата има еден од најмалите мотивациски индекси.

ГЕМ[63] го мери клучниот индекс ТЕА (вкупна претприемничка активност во рана фаза). Индексот ТЕА за Македонија е 14,5% и е повисок отколку во земјите на ЕУ и ОЕЦД, како и во однос на земјите од регионот. Тоа значи дека 14,5% од испитаниците на возраст од 18-64 години се претприемачи. Половина од овие се претприемачи во зародиш (вклучени во деловни активности до 3 месеци), додека половина се нови претприемачи (вклучени во деловни активности до 3,5 години). Сепак, повеќе од половина од претприемачите од Македонија се претприемачи заради неопходност (52,1%), додека другите се претприемачи мотивирани од можности.

54 Reliable statistics for the exact number are not available.
55 Focus group with young entrepreneurs
56 National Youth Council of Macedonia, ''Research and analysis of job skills of the youth in the Republic of Macedonia'', 2016 Националниот младински совет на Македонија, "Истражување и анализа на работните вештини на младите во Република Македонија," 2016, http://www.nms.org.mk/wp-content/uploads/2017/07/Istrazuvanje-i-analiza-na-rabotnite-veshtini-na-mladite.pdf.
57 Marija Topuzovska Latkovic et al., ''Study on youth of the Republic of North Macedonia 2018/2019'', 2019 http://library.fes.de/pdf-files/bueros/skopje/15292.pdf?fbclid=IwAR3cguzXCwH9vq1Tp0xeDDSTurwe3vU6hobM9sF73ODx6QWw-cndaqjZQys.
58 Marija Topuzovska Latkovic et al., ''Study on youth of the Republic of North Macedonia 2018/2019'', 2019 Марија Топузовска Латковиќ et al., Студија за млади на Северна Македонија 2018/2019, 2019, http://library.fes.de/pdf-files/bueros/skopje/15292.pdf?fbclid=IwAR3cguzXCwH9vq1Tp0xeDDSTurwe3vU6hobM9sF73ODx6QWw-cndaqjZQys.
59 Institute of Economics-Skopje, University "Ss. Cyril and Methodius," "Economic Development" 20, no. 1–2 (2018).
60 Во последниот извештај на Global Entrepreneurship Monitor 17/18 не е вклучена Македонија
61 GEM, "Global Entrepreneurship Monitor Report for 2016/2017," n.d., https://www.gemconsortium.org/report/gem-2016-2017-global-report
62 Економиите водени од ефикасност се повеќе конкурентни, со поефикасни производни процеси и зголемен квалитет на производот https://www.gemconsortium.org/wiki/1367#targetText=Factor%2Ddriven%20economies%20are%20the%20least%20developed.&targetText=Efficiency%2Ddriven%20economies%20are%20increasingly,and%20the%20service%20sector%20expands.
63 file:///C:/Users/ristejurukovski/Downloads/141985878295-1_Izvestaj,_Pretpriemnistvoto_vo_Makedonija_2013%20(1).pdf

## РАМКА И ПРОГРАМИ НАСОЧЕНИ КОН ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ВЕШТИНИТЕ, ЗНАЕЊАТА И ОБРАЗОВАНИЕТО

Претпреимничкото образование е предизвик во Република Северна Македонија. Во табелата подолу е прикажана стратешката рамка во оваа област.

| | |
|---|---|
| **Стратегија за образование и акциски план[64] (МОН)** | Стратегијата има детално развиени цели и приоритети додека, некои од главните приоритети се: стручно образование и обука; високо образование истражување и иновации, учење и образование на возрасни. Во стратегијата се потенцира дека ќе се промовира претприемничкото учење. |
| **Стратешки план на Министерство за образование и наука 2019 -2021[65] (МОН)** | Со стратешкиот план предвидено е да се имплементираат вкупно 4 програми и 12 потпрограми, кои подеднакво се посветени на зголемување на квалитетот на наставата во основното и средното образование, унапредување на образовната инфраструктура, почитување на автономијата на универзитетот и достоинството на професорите, забрзан економски развој преку инвестиции во науката, како и поддршка на можностите на образование на возрасните и на системот на неформално и информално образование. |
| **Стратегија за претприемачко учење 2014 – 2020[66] (Влада)** | Стратегијата за претприемачко учење (ПУ) има за цел да ја зголеми самодовербата за претприемачките потфати на сите граѓани при што ќе ги оспособи да имаат целосна и ефективна улога во идниот развој на економијата и заедницата. |

Воведувањето на претприемништво во училиштата[67] значи дека сите ученици од основните и средните училишта се вклучени во образованието за претприемништво. Претходно, беа вклучени само оние кои посетуваа специјални економски училишта. Претприемништвото како предмет е вклучено во шест редовни предмети во деветто одделение и тоо по предметите физика, хемија, биологија, информатика, уметност и математика, кои беа ревидирани за да вклучат теми од областа на претприемништво и беа обезбедени дводневни обуки за 300 наставници од основните училишта[68].

Целта е да се негува претприемачки начин на размислување кај младите, имајќи предвид дека сетот на вештини кој се бара на пазарот, што младите треба да ги добијат преку школувањето станува се поширок и поширок и се оддалечува од „класичните"теми и класичните начини на предавање.[69] Овој пристап им олеснува на младите луѓе да најдат работа, ги прави повеќе склони да преземаат иницијативи и да започнат бизнис доколку сакаат.

Проблемите со претприемништвото и невработеноста се исто така тесно поврзани со образовниот систем на земјата. Нестабилноста на раководните позиции во Министерството за образование каде што вкупно 12 министри ја презедоа функцијата од 2000 година придонесе за повеќекратни промени во политиката и недостаток на вкоренети и одржливи образовни реформи, придонесувајќи за целокупно влошување на образованието во земјата.[70] Ваквото влошување доведе и до слаб развој на наставните програми и студиите за претприемништво ориентирани кон млади.

Сепак, неодамнешните истражувања[71] ја потврдува потребата и желбата на младите претприемачи за претприемничко образование, што ќе му овозможи на младата личност да процени што се однесува на претприемничкото однесување и капацитет. Сепак, образовниот систем во земјата не е насочен кон создавање креативен потенцијал за претприемништво, т.е. тој ги нема предусловите да се градат лица со потребните претприемачки квалификации.[72] Така, претприемачите кои ги имаат тие квалификации не ги добиле како последица на образованието за претприемништво, туку едноставно имале природен потенцијал. [73]

64 http://mrk.mk/wp-content/uploads/2018/10/Strategija-za-obrazovanie-MAK-WEB.pdf
65 http://www.mon.gov.mk/images/Florentin_MON/%D0%90%D0%BD%D0%B0%D1%81%D1%82%D0%B0%D1%81%D0%B8%D1%98%D0%B0/%D0%A1%D1%82%D1%80%D0%B0%D1%82%D0%B5%D1%88%D0%BA%D0%B8_%D0%BF%D0%BB%D0%B0%D0%BD__2019-2021_-_1.pdf
66 http://www.mon.gov.mk/images/Artic-zDOC/Strategija%20za%20pretpriemacko%20ucenje%20vo%20RM%202014-2020%20MK%20%202.12.2014.pd
67 The course "Business and Entrepreneurship" is introduced as a compulsory subject in regular education in gymnasium education (2007/2008); Entrepreneurship and Innovation course was introduced in I, II and III year of high school (September 2012)
68 https://www.gemconsortium.org/economy-profiles/macedonia
69 Ibid.
70 fakulteti.mk, "Education Ministers don't last long - 12 of them changed in 18 years," https://www.fakulteti.mk/news/25072018/ministrite-za-obrazovanie-najkratko-traat---se-smenile-12-vo-18-godini
71 Marija Topuzovska Latkovic at al. "A 2016 Study: the State of Young People in the Republic of Macedonia (Skopje: Social Legal and Political Research Institute, Ss. Cyril and Methodius University, 2016)" Марија Топузовска Латковиќ et al., Студија за младите во Република Македонија 2016, 2016, http://isppi.ukim.edu.mk/images/980428Kvalitativna%20studija%20za%20mladi%20-%20verzija%20za%20pecatenje.pdf.
72 Institute of Economics-Skopje, University "Ss. Cyril and Methodius," "Economic Development" 20, no. 1–2 (2018). 199 http://eprints.ugd.edu.mk/20534/1/IMPLICATIONS%20OF%20THE%20EDUCATIONAL%20SYSTEM%20ON%20THE%20DEVELOPMENT%20OF%20ENTERPRENUERSHIP%20AND%20THE%20INNOVATION%20OF%20ENTERPRISES%20IN%20THE%20REPUBLIC%20OF%20MACEDONIA.pdf
73 Ibid.

Во моментов, наставната програма во основното училиште содржи само еден предмет под наслов „Иновации“ (деветто одделение), [74] додека средното образование нуди предмети како „Иновации и претприемништво“ (средно училиште 1-3 години) и бизнис и претприемништво (средно или 4-та година средно училиште).[75] Ова беше позитивен пресврт на настаните споредено пред 10 години кога овие предмети каде што не се предаваа во училиштата. Ова треба да послужи како водич за иден развој на образованието кон (младинско) претприемништво. Сепак, сè уште постои потреба такво знаење што треба да им се пренесе на младите луѓе за да ги стекнат нивните наставници. За да се постигне ова, треба да:

> *„Зајакнување на директната поддршка насочена кон основните и средните училишта во однос на обука, преквалификација, напредна обука... []... пред сè, треба да се обезбеди таква обука на наставниците задолжени да ги изведуваат овие курсеви и второ, општа обука или помошната обука за обучувачи за образование за претприемништво за сите наставници ... таков курс за обука треба да трае повеќе денови, секој ден 2-3 часа. Со цел да се сменат ставовите на наставниците бидејќи тие се клучни за промена на ставовите на нивните ученици.”* [76]

Во однос на студирање на претприемништво како универзитетски курс, на Економскиот институт [77] при Универзитетот Кирил и Методиј, наставната програма обезбедува студии за претприемништво за време на вториот циклус на студии.[78] Претставниците на Економскиот институт сметаат дека претприемништвото како важен предмет на универзитетски студии не е на задачата: *„Високото образование, во принцип, не дава целосна улога за производство на професионалци кои треба да поседуваат вештини, знаења и компетенции како што се бара од другата страна, пазарот или побарувачката. Никој не е навистина загрижен како да го исправи проблемот, како да го следи или оценува.”*[79]

Проблемот што произлегува во оваа смисла е поврзан со наставните програми (особено) што ги нудат економските образовни институции кои остануваат неревидирани, а недостигот на курсеви што ќе се занимаваат само со претприемништво како посебен универзитетски курс за време на додипломските студии.[80] Во овој поглед, реформите што ќе се спроведат во образовниот систем треба да бидат стратешки, односно да се создадат млади луѓе со претприемачки потенцијал, со тоа што не се менуваат само наставните програми, туку и професорите за предавање.[81]

Покрај формалните мерки и образованието, на располагање се и широк спектар на приватни иницијативи кои имаат за цел да ги зголемат знаењата и вештините на претприемачите за започнување и водење бизнис.

74 Ministry of Education and Science “2018-2025 Education Strategy,” 2018, 34.
75 Ibid., 41.
76 Interview with a representative of Faculty of Mechanical Engineering, UKIM
77 http://www.ek-inst.ukim.edu.mk/
78 http://www.ek-inst.ukim.edu.mk/pretpriemnistvo/
79 Interview with a representative of Economic Institute
80 https://efskopje-my.sharepoint.com/personal/administrator_eccf_ukim_edu_mk/Documents/share/VODIC%202017%20-%202018%20finalen%20za%20pecatenje.pdf – The Economic Faculty in Skopje offers 7 undergraduate studies (E-Buisness, Economics; Marketing; Management; Foreign Trade; Accounting and Audit; Financial Management) however no studies exist in Entrepreneurship.
81 Institute of Economics-Skopje, University “Ss. Cyril and Methodius,” “Economic Development” 20, no. 1–2 (2018).

Како што споменавме погоре, една од платформите е Брејнстер[82], како платформа за разновидни курсеви. Brainster обезбедува програмски курсеви во траење од 28 до 35 недели фокусирани на програмирање, маркетинг, дизајн и наука за податоци, како и кратки курсеви на различни теми како деловна интелигенција; Веб дизајн; јавно говорење. Курсевите се насочени кон студенти, академици, претприемачи кои сакаат да растат на одредено поле и сакаат да ги прошират својот претприемачки начин на размислување.

Фондацијата Мир[83] се фокусира на економски и одржлив развој и промовира коиновации, при што предизвиците од животната средина ги трансформира во бизнис можности. Фондацијата има спроведено проект за забрзување на меѓународниот раст на млади мали и средни претпирјатија од Македонија, преку избор на 20 стартап компании заинтересирани за добивање бесплатна консултација и обука со цел да ја зголемат својата конкрентност, иновација, пристап до финансии и странски пазари, со што ќе се олеснат нивните напори за раст и развој, како и нивнотој појавување на единствеиоот европски пазар.

Стартап Македонија[84] е колектив на основачи, инвеститори, стартап експерти кои работат на дигитализација на екосистемот и поврзување на стартап екосистемот преку создавање на платформа водена од податоци за организациите кои поддржуваат стартапи и инвеститори. Организацијата исто така работи на помош за организациите кои даваат поддршка з стартапи со цел да ги подобрат и прилагодат своите услуги според потребите на пазарот и да го поврзат пазарот во земјата преку создавање „Македонска единствена вмрежена точка".

Стартап академија[85] во соработка со ЦЕЕД Македонија нуди платформа за обука, вмрежување и учење, преку организирање и спроведување програми кои им помагаат на надежните претприемачи да развијат иновативни идеи во мерлив бизнис преку 10 неделна агенда. Академијата организира и Смартап мотивациски конференции каде што млади луѓе се собираат да ги претстават и да дискутираат за своите идеи и бизниси.

Резидентен претприемач[86] е иницијатива на Швајцарската програма за претприемништво, дизајнирана за стартап извршни директори со искуство во мерливи потфати, кои се интересираат да помогнат во изградбата и одржувањето на бизнис култура во нови точки (хабови) на претприемништво ширум светот. Иницијативата ја покрива и Северна Македонија каде што партнер е Старткјуб. Програмата покрива до два месеци во инкубатор со 20 часа работа на неделно ниво на активен деловен развој.

Лабораторијата за социјално влијание[87] развива и спроведува различни програми чијашто цел е зајакнување на растот и социјалното влијание на бизнисите и поединците. Поконкретно, таа нуди Готова програма за инвестирање, која што е четири месечна програма за претприемачи, каде што со 15 потфати се работи на бизнис стратегија со ментори и стручњаци. Оваа лабораторија нуди и училиште за социјално претприемништво „Реши го"[88], како програма која се сотои од низа работилници насочени кон младите заинтересирани даучат за социјалното претприемништво.

МОФ Македонија[89], исто така, го поддржува образованието за претприемништво од 2016 година со два последователни циклуси на програми каде што до денес 65 млади ја поминаа обуката.[90] Во текот на програмата, учесниците формираат тимови и имаат можност да аплицираат за финансиска поддршка за нивната предложена деловна идеја. За сите тимови е предвидено менторство од искусни професионалци во деловниот сектор. Учесниците имаа можност да се запознаат, учат и да соработуваат со сопственици на успешни бизниси, одлични предавачи, ментори, советници, професори и професионалци.

82 https://brainster.co/
83 http://www.mir.org.mk/
84 https://startupmacedonia.mk/
85 http://startupacademy.mk/
86 https://www.entrepreneur-in-residence.net/
87 http://socialimpactlab.co/mk/
88 http://socialimpactlab.co/mk/programs-mk/solve-it-mk
89 https://mof.mk/
90 https://mof.mk/odidejadostartap/

# МЕХАНИЗМИ И ПОДДРШКА ЗА РАЗВИВАЊЕ НА ПРЕТПРИЕМНИШТВОТО - АКЦЕЛЕРАТОРИ

Во однос на застапеноста на механизми за развивање на претприемачки вештини (кои помагаат и во стекнување на вештини за вработливост) во земјава почнуваат поинтензивно да се развиваат акцелераторите и инкубаторите.

Во суштина, *„акцелераторот е програма со почеток и крај, која што овозможува брз развој на одреден бизнис и овозможува, Make it or brake it"*[91], односно тоа не е едукациска програма и за брзо се дознаваат резултатите. Тука станува збор за бизниси или стартапи, кои што настапуваат со свои идеи чија крајна цел е да добијат потенцијална инвестиција преку која ќе може да го забрзаат растот и би можеле понатаму да го пласираат продуктот на пазарот.

Една од државните институции која ги поддржува македонските стартапи, акцелератори и инкубатори е Фондот за иновации и технолошки развој. Фондот за иновации досега има поддржано три проект акцелератори: СЕДЦ акцелератор;[92] Деловно-Технолошки Акцелератор Уким;[93] XFactor Акцелератор Велес.[94] Фондот се фокусира на кофинансирање на микро, мали и средни претпријатија со цел поттикнување на иновациската дејност, воведување и трансфер на технологии кај компаниите; финансирање на новоснована претпријатија, фондации и акцелератори; и се фокусира на постигнување долгорочен позитивен придонес за развојот на националната економија, подобрување на конкурентноста и обезбедување нови работни места.[95] Еден од главните инструменти на фондот е и кофинанцирање на новоосновани трговски друштва кои се старт-ап или спин-оф. Младинските претприемачи потврдија дека имаат корист од разновидните мерки воведени од ФИТР, која ја сметаат за клучна институција во однос на поддршката на претприемачите кои се стремат.[96] Дополнителен пример од Фондот за иновации и технолошки развој со која поттикнуваат млади да размислуваат во иновативна насока е и нивната програма за млади истражувачи, со која им овозможуваат и ги мотивираат на учениците од средните училишта да ги реализираат своите идеи и да придонесат кон општеството, како што е и примерот на тим на ученици од гимназијата „Георги Димитров", кои креираа дрон што може да се корисит на тешки пристапни места за гасење на пожари или пак за прскање шуми.[97]

Пример за тоа како би требало да функционира еден почетен троен хеликс е Деловно технолошкиот Акцелератор УКИМ (отворен во февруари 2019) кој е основан на начин да ги комбинира знаењата и експертизата на најголемиот универзитет во Македонија, на финансиска консултантска организација и на институции кои нудат бизнис поддршка. Сличен добар пример на соработка помеѓу академијата и индустријата е и ИНОФЕИТ - Центарот за трансфер на технологии и иновации при Факултетот за електротехника и информациски технологии.[98] Впрочем, она што ги спојува овие два примери е УКИМ и нивните улоги и инструменти се надополнуваат: „ИНОФЕИТ ќе овозможи комерцијализација на развиената технологија во рамки на ФЕИТ и УКИМ. Поддршка на новоформираните компании / стартапи и спин оф ќе се овозможи преку различни инструменти на ИНОФЕИТ. Но, особена поддршка ќе биде овозможена преку новоформираниот Деловно – технолошки Акцелератор УКИМ".[99] Иако идеите кои се создаваат како резултат ветуваат, тие сè уште се во почетна фаза, т.е. нивното влијание е да бидат предмет на анализа на понатамошно истражување.

Нашето истражување покажува дека на оваа тема мислењата на испитаниците се поделени. Од една страна, споед еден од нашите испитаници, скоро сите програми кои се воведени во државата се некој вид на претприемнички образовни програми, некои пред-акцелерациски програми, но не претставуваат вистински акцелератори."[100] Други тврдат дека ни се потребни повеќе: *"ние имаме неколку а јас сакам да има повеќе... значи тоа мора да биде напад на сетилата од сите страни. Не може само со една програма на влада да се заврши работа значи мора да има повеќе. Има програма за самовработување на МТСП, која што 10 година веќе работи и голем број на бизниси се имаат формирано преку таа програма, така да убаво е да има што е можно повеќе такви"*[101]. Истиот соговорник, исто така, подвлече дека е рано да се процени нивното влијание бидејќи е премногу краток периодот.[102] Најпосле имсто така имаше мислење дека *„три се многу, за една држава како Македонија, немаме толкав pipeline на стартапи".*[103]

91 Интервју со претставник од SouthCentralVentures
92 http://www.sedc.mk/
93 http://accelerator.ukim.mk/
94 http://xfacc.mk/
95 http://www.fitr.mk/portfolio-item/%D0%BC%D0%B8%D1%81%D0%B8%D1%98%D0%B0-%D0%B8-%D1%86%D0%B5%D0%BB%D0%B8/
96 Focus group with young entrepreneurs
97 http://www.fitr.mk/objaven-vtoriot-predizvik-za-mladi-istrazhuvachi/
98 http://inno.feit.ukim.edu.mk/
99 http://www.feit.ukim.edu.mk/novosti/sorabotka-na-inovatoritie-od-makiedonija-i-frantsija
100 Интервју со претставник од SouthCentralVentures
101 Интервју со претставник од Машински факултет
102 Interview with a representative of Mechanical Engineering Faculty, UKIM
103 Интервју со претставник од Swisscontact

## НАОДИ И ЗАКЛУЧОЦИ ЗА ПРЕТПРИЕМАЧКАТА СПОСОБНОСТ

Погоре претставената дискусија посочува на тоа дека уште многу работа треба да се посвети на тренинзи и поддршка за млади луѓе да станат претприемачи и да се справат со предизвиците кои доаѓаат со овој подвиг. Во моментот, недостасува обука и поддршка, додека оние што се достапни не се доволно ефикасни и достапни.

Можеби е се уште прерано да се процени кој ефект, доколку било каков, би имало претприемничкото образование во школите на бројот и квалитетот на претприемачите во државата. Иако е можно да бидат потребни декади, пред да има вистинско влијание, очигледно е дека државата се обидува да собере поддршка за претприемачите.

Од она што е општо познато, кое го потврдуваат и испитаниците е тоа дека за да се стане претприемач, потребно е да се има голема желба да постанеш претприемач што секако повлекува и преземање ризици. Но, генералното размислување на оваа тема е отежнато поради фактот дека луѓето во земјава не се подготвени да преземаат ризици односно дека постои страв од неуспех. Причините за оваа состојба се повеќе, а една од можните причини е и транзициониот период (ткн. Транзиција) на премин од еден политичко-економски систем (социјализам) кон друг (капитализам), што доведува до еден вид на економска несигурност која не им дозволува на луѓето да се впуштат во преземање на ризици. Еден начин да се надминат овие ставови и несигурност е да се подобри образованието за претприемништво , особено имајќи предвид дека 2/3 од учениците во една анкета сметаат дека образованието има влијание врз претприемачките потенцијали и однесувања.[104] Истражувањето сугерира дека бидејќи културата и вредностите се развиваат многу рано, предучилишното образование е особено важно за да се изгради претприемачки дух и култура. Младинските претприемачи исто така сметаат дека предучилишното образование е клучно во развојот на претприемничкиот начин на размислување.[105] Од друга страна, постојат заклучоци дека претприемачкиот дух и претприемничкото однесување на поединецот може да се пренесе и меѓугенерациски.[106]

Општествените чинители би требало да бидат вклучени во активностите кои се насочени кон зајакнување на претпримничкото учење на локално ниво (општина) и регионално ниво, и ова би требало да даде дополнителен порив за зајакнување на локалните екосистеми во Република Северна Македонија. Ова би значело вклучување на банките, компаниите и особено родителите кои се клучни во охрабрувањето на нивните деца, а кои досега не биле вклучени, би ги насочиле да се определат за претприемништво.

За да се поттикнат напорите за менување на општата култура во државата која не е насочена кон преземање на ризици и е уплашена од неуспеси, младите претприемачи би требало да имаат лесен пристап до ментори и мрежи на ментори и други претприемачи за можна соработка. [107] Исто така државата и Министерството за образование и наука би требало да овозможат механизми за поддршка на образовни институции со цел низ нивните активности за претприемачко учење да ги охрабруваат студентите да креираат виртуелни и реални компании. [108]

Друг проблем има и во однос на тоа што понатаму од кога ќе се започне бизнисот, односно колку тој бизнис е отворен врз база на претходна проекција на пазар, на добра идеја на производот кој што ќе го понудите, на самоодржливост односно како што вели претставничката од Finance Think: „Мислам дека проблемот не е кај отварањето туку е кај претходната подготовка и откако ќе отвориме посветеноста и визијата каде ние сакаме да бидеме. *Најчесто очекувањата се дека ќе отвориме бизнис и за краток период ќе станеме големи бизнисмени*, и ќе имаме огромен профит, но реалноста не е таква.“[109]

---

104 Biljana Angelova and Violeta Tasheva, "Constructive Cultural Blocks of Entrepreneurship in the Republic of Macedonia (The Influence of Culture's Value on Entrepreneurship)," European Academic Research 1, no. 2 (2013), http://www.euacademic.org/UploadArticle/6.pdf.

105 Focus group with youth entrepreneurs

106 Marija Topuzovska Latkovic at al. "A 2016 Study: the State of Young People in the Republic of Macedonia (Skopje: Social Legal and Political Research Institute, Ss. Cyril and Methodius University, 2016)" Марија Топузовска Латковиќ et al., Студија за младите во Република Македонија 2016, 2016, http://isppi.ukim.edu.mk/images/980428Kvalitativna%20studija%20za%20mladi%20-%20verzija%20za%20pecatenje.pdf.

107 Confirmed in interview with representative from Grouper

108 http://www.mon.gov.mk/images/Artic-zDOC/Macedonian%20EL%20Strategy%202014-2020%20ENG%202.12.2014.pdf

109 Интервју со претставник од Finance Think

# 5. Вработеност на младите - ситуација и мерки

Невработеноста е една од главните грижи на македонската економија, која најмногу ги рефлектира транзициските предизвици, како и целокупното макроекономска опкружување и променливите барања на пазарот за современи вештини како глобален феномен.

Според проекциите на Обединетите нации за населението за Македонија се посочува дека уделот на младите луѓе (15-29) во вкупното население се очекува дека ќе опадне на 16,4 проценти до 2030 година[110] и според акцискиот план за вработување на млади лица 2016-2020[111], ова ќе има влијание на намалувањето на работоспособно население. Од друга страна позитивно е тоа што степенот на стекнато образование на младото население (15-29) расте. Младите во државата често не можат да најдат работа која е соодветна на нивните квалификации, како последица на јазот кој се создава помеѓу понудата и побарувачката на работна сила.

### Вработеност на ниво на регионот споредбено со нивото на ЕУ[112]

| | Самовработени и семејни работници | | | | | | Вработени | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 |
| **ЕУ-28** | 15.8 | 15.8 | 15.7 | 15.5 | 15.2 | 15.0 | 84.2 | 84.1 | 84.3 | 84.4 | 84.7 | 85.0 |
| **Црна Гора** | 16.4 | 18.1 | 16.0 | 18.9 | 20.9 | 21.5 | 83.6 | 81.9 | 84.0 | 81.1 | 79.1 | 78.5 |
| **Северна Македонија** | 27.6 | 26.2 | 27.5 | 26.2 | 25.3 | 23.3 | 72.4 | 73.8 | 72.5 | 73.8 | 74.7 | 76.6 |
| **Албанија** | | | | | | | | | | | | |
| **Србија(1)** | 30.1 | 30.5 | 32.5 | 31.8 | 30.1 | 31.7 | 69.9 | 69.6 | 67.5 | 68.2 | 69.8 | 68.3 |
| **Турција** | 38.3 | 37.1 | 35.9 | 34.0 | 33.0 | 32.4 | 61.7 | 62.9 | 61.4 | 66.0 | 67.0 | 67.5 |
| **Босна и Херцеговина (2)** | 25.2 | 27.4 | 25.4 | 23.1 | 24.2 | 24.4 | 74.7 | 72.6 | 74.6 | 77.0 | 75.8 | 75.6 |
| **Косово(3)** | | | | | | 30.3 | | | | | | 69.7 |

1) 2014 година: пауза во серијата. (2) 2016 година: мала доверливост. (3) Оваа ознака не е во спротивност со ставовите за статусот и е во согласност со UNSCR 1244/1999 и МСП. Мислење за декларацијата за независност на Косово. Извор: Евростат (код за податоци на Интернет: lfsa_egaps)

### Невработеност на ниво на регионот споредбено со нивото на ЕУ[113]

| | 2006 | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Црна Гора** | 8.2 | 7.1 | 7.0 | 8.9 | 9.5 | 9.6 | 10.4 | 10.8 | 10.2 | 9.4 | 8.5 |
| **Montenegro** | 29.6 | 19.3 | 168 | 19.1 | 19.7 | 19.7 | 19.7 | 19.5 | 18.0 | 17.5 | 17.8 |
| **Северна Македонија** | 36.1 | 34.9 | 33.8 | 32.2 | 32.0 | 31.4 | 31.0 | 29.0 | 28.0 | 26.1 | 23.7 |
| **Албанија (1)** | 13.8 | 13.5 | 13.0 | 13.8 | 14.0 | 14.0 | 13.4 | 15.9 | 17.5 | 17.1 | 15.2 |
| **Србија(2)** | 20.9 | 18.1 | 13.8 | 16.3 | 19.4 | 23.1 | 24.1 | 22.3 | 19.4 | 17.8 | 15.4 |
| **Турција (3)** | 8.8 | 8.9 | 9.8 | 12.7 | 10.8 | 8.8 | 8.2 | 8.8 | 9.9 | 10.3 | 10.9 |
| **Босна и Херцеговина** | 31.2 | 29.1 | 23.5 | 24.1 | 37.3 | 27.6 | 28.2 | 27.6 | 27.6 | 27.9 | 25.5 |
| **Косово(4)** | 44.9 | 43.6 | 47.5 | 45.4 | | | 30.9 | 30.0 | 35.3 | 32.9 | 27.5 |

(1) 2007 година: пауза во серија (пред овој датум изворот беше административни податоци). (2) 2018 и 2014 година: паузи во серија. (3) Врз основа на критериум од 4 недели и само со употреба активни методи за пребарување на работни места. (4) Оваа ознака не е во спротивност со ставовите за статусот и е во согласност со UNSCR 124411999 и Мислењето на МСП за Косово. Деклaрација на независност. Извор: Евростат (код на податоци на Интернет: lfsa_urgan)

110 Додека уделот на старото население (на возраст од 65 и повеќе години) ќе порасне на 18,7 проценти

111 http://www.mtsp.gov.mk/content/word/dokumenti/dokumenti%202018/%D0%A0%D0%B5%D0%B2%D0%B8%D0%B4%D0%B8%D1%80%D0%B0%D0%BD%20%D0%90%D0%BA%D1%86%D0%B8%D1%81%D0%BA%D0%B8%20%D0%BF%D0%BB%D0%B0%D0%BD%20%D0%B7%D0%B0%20%D0%B2%D1%80%D0%B0%D0%B1%D0%BE%D1%82%D1%83%D0%B2%D0%B0%D1%9A%D0%B5%20%D0%BD%D0%B0%20%D0%BC%D0%BB%D0%B0%D0%B4%D0%B8%202016-2020%20%D0%B3%D0%BE%D0%B4%D0%B8%D0%BD%D0%B0..doc

112 https://ec.europa.eu/eurostat/statistics-explained/index.php/Unemployment_statistics?fbclid=IwAR0exilWJ-SW51tBN7hbRZIADaMipHbgjDIUXc72XA5zfEPUiy-EUDRyMr3k#Youth_unemployment

113 https://ec.europa.eu/eurostat/statistics-explained/index.php/Enlargement_countries_-_labour_market_statistics#Unemployment_rates

Погоре презентираните податоци укажуваат дека стапката на невработеност во државата има бавен но постојан пад. Во голема мера овој тренд се должи на сеопфатните програми за вработување на владата кои придонесуваат за стабилизирање на пазарот на трудот, но и на субвенциите за вработување кои инвеститорите ги добиваат. Стапката на младинската невработеност исто така постепено но стабилно се намалува, но се уште останува на високо ниво, што како што беше објаснето погоре, ги движи претприемачите од нужност.[114]

Генерално пазарот на труд во регионот се карактеризира со висока невработеност и бавно создавање на нови работни места. Овие држави се соочуваат со висока и континуирана невработеност која достигнува помеѓу 15.2 -27.5%, проценти, претставувајчи два до три пати повисока стапка од просечната на ЕУ-28. Континуираноста и високата стапка на невработеност посочуваат дека проблемот со невработеноста е не само цикличен туку и структурен.  Во контекст на младинската невработеност, високата стапка на невработеност исто така влијае и на можностите за младинско вработување, за кои е за 2.7 пати[115] поверојатно да бидат невработени во споредба со возрасни лица.

Споредено со регионот на Западен Балкан, Македонија (заедно со Косово) има најголема стапка на младинска невработеност. Годишниот извештај на Агенцијата за вработување на Република Македонија за 2018 година, посочува дека од евидентираните 94 721 невработени лица/активни баратели на работа, од кои 18,7% се млади луѓе до 29 години, додека 11,2% од вкупниот број се со високо образование.[116] Уште по загрижувачки е тоа што 63% од младите сметаат дека тешко може да се вработат по завршувањето на образованието, [117] а 40% сметаат дека за да се постигне успех во животот треба да се има поврзаност/учество или блискост со Владата.[118] Причината за ова размислување би можело да биде и водено од фактот што државата се соочи со голем број на скандали на корупција и непотизам.[119]

## Клучни показатели за пазарот на трудот (2017 година)

| Возраст | Работна сила | | | | | | | | | Неактивно население | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | вкупно | | | вработени | | | невработени | | | | | |
| | вкупно | мажи | жени | вкупно | мажи | жени | вкупно | мажи | жени | вкупно | мажи | жени |
| Total | 100.0 | 100.0 | 100.0 | 100.0 | 100.0 | 100.0 | 100.0 | 100.0 | 100.0 | 100.0 | 100.0 | 100.0 |
| 15-19 | 1.5 | 1.7 | 1.1 | 0.8 | 0.9 | 0.6 | 3.8 | 4.4 | 2.8 | 15.0 | 20.8 | 11.9 |
| 20-24 | 7.7 | 8.1 | 7.0 | 5.5 | 6.0 | 4.7 | 15.3 | 15.3 | 15.3 | 9.6 | 10.2 | 9.3 |
| 25-29 | 13.0 | 12.5 | 13.8 | 11.1 | 11.1 | 11.0 | 19.7 | 17.2 | 23.9 | 4.9 | 3.5 | 5.6 |

Извор: Државен завод за статистика, Годишна анкета за работната сила, различни години.

## Вработени според занимањето и возраста, 2017

| Т-25: Вработени според занимањето и возраста, 2017 | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Занимање | Вкупно | Воени занимања | Членови на законодавни извршни тела,државни функционери, ... | Стручњаци и научници | Техничкари и сродни работници | Службеници | Работници во услужни дејности и продажба | Стручни земјоделски работници | Занимања за неиндустриски начин на работа во производство | Ракувачи и составувачи на машини и постројки | Елементарни занимања |
| Total | 740 648 | 7 625 | 33 727 | 114 056 | 67 406 | 41 095 | 120 989 | 43 345 | 89 756 | 101 208 | 121 441 |
| 15-19 | 5 866 | - | - | : | : | : | 1 404 | : | (681) | (786) | 2 687 |
| 20-24 | 40 646 | (553) | : | 2 711 | 3 166 | 1 829 | 10 761 | 1 035 | 5 435 | 5 922 | 8 951 |
| 25-29 | 81 953 | (589) | 1 423 | 19 223 | 9 534 | 5 760 | 16 833 | 1 235 | 9 752 | 8 808 | 8 796 |

Извор: Државен завод за статистика, Анкета за слободни работни места, 2017.

114 http://www.aabri.com/manuscripts/131763.pdf
115 https://www.un.org/youthenvoy/employment/
116 Агенција за вработување на Република Северна Македонија, "Годишен Извештај За 2018 Година," http://av.gov.mk/content/Dokumenti/%D0%98%D0%B7%D0%B2%D0%B5%D1%88%D1%82%D0%B0%D1%98%20%D0%BD%D0%B0%20%D0%90%D0%92%D0%A0%D0%A1%D0%9C%202018.pdf
117 http://library.fes.de/pdf-files/bueros/skopje/15292.pdf p. 65
118 Марија Топузовска Латковиќ et al., Студија за младите во Република Македонија 2016 (Скопје: Институт за социолошки и политичко-правни истражувања, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје, 2016), http://isppi.ukim.edu.mk/images/980428Kvalitativna%20studija%20za%20mladi%20-%20verzija%20za%20pecatenje.pdf
119 https://ec.europa.eu/neighbourhood-enlargement/sites/near/files/pdf/key_documents/2016/20161109_report_the_former_yugoslav_republic_of_macedonia.pdf

Што се однесува до проекциите за вработеноста, според проценките на МТСП, во 2015, се оценувало дека стапките на активност и вработеност до 2020 година ќе се зголемат на 52 проценти и 30,7 проценти , додека, пак, стапката на невработеност ќе го продолжи трендот на опаѓање до 41 на младите лица од 15 до 29 години.[120] Економските сектори во кои се очекува да се зголеми вработеноста се секторите за недвижности, транспорт и трговија.

Во таа насока, мерките и политиките за вработување во Република Северна Македонија се дефинирана со следните документи.

| | |
|---|---|
| **Националната стратегија за вработување на Република Македонија 2016-2020 година[121] (МТСП)** | Овој документ ги издвојува стратегиите, приоритетите и мерките за вработување во земјата планирани за четиригодишен период |
| **ОПЕРАТИВЕН ПЛАН**<br><br>**за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2019 година[122] (МТСП)** | Со Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2019 година се посочува дека „посебен акцент се става на младите невработени лица до 29 години“.[123] |
| **Ревидиран Акциски план за вработување на млади 2016- 2020 година[124] (МТСП)** | Главните цели на Акцискиот план за вработување на млади 2016-2020 кои се посочени се следните: Подобрување на усогласеноста на понудата на вештини со барањата на пазарот на трудот; Промовирање на отворањето работни места предводено од приватниот сектор; Олеснување на преминот на младите лица во светот на работата. |
| **Програмата на економски реформи 2019-2021[125] (МФ)** | Програмата на економски реформи 2019 – 2021 предвидува дека преку поттикнување на активните мерки и програмите програми за вработување, поддршката на домашните и странските претпријатија за отворање нови работни места, како и други мерки за намалување на невработеноста.[126] |

Покрај овие програми, други мерки за справување со високата стапка на невработеност кај младите ги охрабруваат фирмите и работодавците да вработуваат млади лица. Акцискиот план за вработување на млади лица 2016-2020 година ја посочува „најизводливата“ опција за подобрување на можностите за вработување на млади лица од 15 до 29 години. Таа се темели на стимулации за отворање на работни места а кои се однесуваат на пристап до услугите и програмите за вработување за претпријатијата што се вклучени во проектите за развој на инфраструктурата што се финансираат од страна на државата, како и услугите за развој на деловното работење за зголемување на капацитетот на претпријатијата за пристап до достапните фондови.[127] Меѓу другото, овој акциски план посочува дека треба да се прошири постоечкиот систем на даночни олеснувања, мерка која беше вклучена во *Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност (член 98)*, но со промените во законот кои настапија во 2017 е сега вон сила.[128]

120 Министерство за труд и социјална политика, Проекции за вработеноста, 2015 година
121 http://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/strategii/Nacionalna%20Strategija%20za%20Vrabotuvane%20na%20Republika%20Makedonija%20za%20Vlada%2016102015.pdf
122 http://www.mtsp.gov.mk/mart-2018-ns_article-sansa-za-site-2018.nspx
123 ОПЕРАТИВЕН ПЛАН за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2019 година
124 http://www.mtsp.gov.mk/content/word/dokumenti/dokumenti%202018/%D0%A0%D0%B5%D0%B2%D0%B8%D0%B4%D0%B8%D1%80%D0%B0%D0%BD%20%D0%90%D0%BA%D1%86%D0%B8%D1%81%D0%BA%D0%B8%20%D0%BF%D0%BB%D0%B0%D0%BD%20%D0%B7%D0%B0%20%D0%B2%D1%80%D0%B0%D0%B1%D0%BE%D1%82%D1%83%D0%B2%D0%B0%D1%9A%D0%B5%20%D0%BD%D0%B0%20%D0%BC%D0%BB%D0%B0%D0%B4%D0%B8%202016-2020%20%D0%B3%D0%BE%D0%B4%D0%B8%D0%BD%D0%B0..doc
125 https://www.finance.gov.mk/files/%D0%9F%D0%95%D0%A0_%D0%9C%D0%9A%D0%94%202019_%D0%9C%D0%9A.pdf
126 https://www.finance.gov.mk/files/%D0%9F%D0%95%D0%A0_%D0%9C%D0%9A%D0%94%202019_%D0%9C%D0%9A.pdf
127 Министерство за труд и социјална политика, “Акциски план за вработување млади лица 2016-2020 година,” June 2015, 24, http://www.mtsp.gov.mk/content/word/dokumenti/2016_Akciski%20plan%20za%20vrabotuvanje%20mladi%202016-2020%20godina_MK%20pv%20-%20Copy.docx
128 Министерство за труд и социјална политика, “Законот За Вработување и Осигурување Во Случај На Невработеност” (2017).

| | |
|---|---|
| **Надлежна институција** | МТСП, АВРМ, МОН, МФ во соработка со социјални партнери и граѓански организации |
| **Мерка** | Гаранција за млади (ГМ) |
| **Цел и поддршка** | Во период од 4 месеци по евидентирањето како невработено лице во АВРМ, лицето треба да добие соодветна понуда за вработување, можност да го продолжи образованието или да биде вклучено во некоја од активните мерки за вработување |
| **Постапка и корисник** | Секое младо лице на возраст до 29 години |
| **Имплементација** | Откако невработените лица се евидентираат во регистарот на невработени, веднаш се упатуваат на нивното прво интервју со стручно лице од АВРМ, кое прави профилирање на нивната вработливост со помош на контролен прашалник и се изготвуваат соодветни индивидуални планови за вработување. Во ИПВ се дефинираат активностите што ќе му овозможат на младото невработено лице во наредниот период од 4 месеци да биде повторно вклучено во образовен процес (но не во редовното образование) или да биде вклучено во некоја од мерките и услугите за вработување што ќе му овозможи зголемување на неговите можности за полесно вработување, односно ќе му биде понудено соодветно вработување кое одговара на неговото образование и вештини. |

| | |
|---|---|
| **Надлежна институција** | МТСП, АВРМ, ЦСР, ЦРРМ, УЈП[129] |
| **Мерка** | Субвенционирање на плати |
| **Цел и поддршка** | Поддршка за вработување на невработени лица кои потешко се вклучуваат во пазарот на трудот, за едно лице за период од 3 месеци изнесува 57.000 денари; за 6 месеци изнесува 114.000 денари и за 12 месеци изнесува 228.000 денари. |
| **Постапка и корисник** | Испраќање на Јавен повик/Известување, доставување на пријава за учество и барање за посредување при вработување од страна на работодовачот (Микро, мали и средни фирми, социјални претпријатија и граѓански (непрофитни) организации што се занимаваат со економска активност при вршење на својата дејност, нови претпријатија основани преку Програмата за Самовработување во 2019 година). Пребарување низ евиденцијата на невработени лица |
| **Имплементација** | Посредување и повикување од евиденцијата од страна на вработеното лице во Центарот за вработување. |

| | |
|---|---|
| **Надлежна институција** | МТСП; АВРСМ; ЦСР; УЈП[130] |
| **Мерка** | Вработување и раст на правни субјекти[131] |
| **Цел и поддршка** | Поддршка во креирање на нови работни места во микро, мали и средни претпријатија, социјални претпријатија и граѓански организации, за лица до 29 години возраст висината на грантот за вработено едно лице изнесува 153.750 денари |
| **Постапка и корисник** | Испраќање на Јавен повик/Известување, доставување на пријава за учество и барање за посредување при вработување од страна на работодовачот (Микро, мали и средни фирми, социјални претпријатија и граѓански (непрофитни) организации што се занимаваат со економска активност при вршење на својата дејност, нови претпријатија основани преку Програмата за Самовработување во 2019 година). Пребарување низ евиденцијата на невработени лица |
| **Имплементација** | Посредување и повикување од евиденцијата од страна на вработеното лице во Центарот за вработување. |
| **Ограничувања** | Работодавачот кој вработува невработено лице во рамките на оваа програма е должен да го вработи лицето со полно работно време и да го задржи во работен однос најмалку 12 месеци доколку станува збор за лице на возраст до 29 години |

Според Акцискиот план за вработување на млади 2016-2020 година приближно 35 проценти од вкупниот број млади работници поседуваат вештини што не се соодветни за нивните работни места.[132] Дополнително се посочува дека во 2014 година дека 18,9 проценти од сите млади работници биле преквалификувани додека 16,2 проценти од сите вработени млади лица биле недоволно квалификувани.[133]

129 Министерство за труд и социјална политика, "Оперативен план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2019 година," January 2019, http://www.mtsp.gov.mk/fevruari-2019-ns_article-prezentacija-na-operativniot-plan-za-vrabotuvanje-2019-poddrshka-za-samovrabotuvanje-rast-na-plati-i.nspx
130 Ministry of Labour and Social Policy, "Operative plan on active programs and measures for employment and services at the labour market", January 2019, http://www.mtsp.gov.mk/fevruari-2019-ns_article-prezentacija-na-operativniot-plan-za-vrabotuvanje-2019-poddrshka-za-samovrabotuvanje-rast-na-plati-i.nspx
131 Ibid.
132 Министерство за труд и социјална политика, "Акциски план за вработување млади лица 2016-2020 година," June 2015, стр. 22
133 Ibid., стр 27

Во акцискиот план се посочува дека е „потребен систем за предвидување на вештините кои ќе бидат потребни на пазарот на трудот, подобрување на релевантноста на образовните исходи во споредба со потребите на пазарот на трудот и потреба за кариерно насочување на младите луѓе во текот на училишните наставни програми“.[134]

Сепак, за оваа ситуација да се подобри, е потребно да се воспоставија соработка и синергија на активностите помеѓу институциите надлежни за политиките за образование и обука, самите образовни институции, пазарот на трудот и младите.

Фокусот на акцискиот план е особено ставен на подобрување на образовните исходи, посочувајки дека ова е особено важно и за развивањето на претпријатијата и бизнисите, што се потврдува и со наодот дека според Светскиот извештај за конкурентност 2014/2015 приближно 11 проценти од македонските претпријатија сметаат дека ниското образовно ниво на работната сила претставува пречка за водење бизнис.[135]

**Акцискиот план предвидува дека има за цел до 2020 година неусогласеноста меѓу занимањата и вештините на македонскиот пазар на трудот да не е повисока од 15 проценти. Со планот се предвидува до 2020 да се постигнат следните исходи:**

- *Воспоставување на модел за предвидување вештини со проекции за вработеноста и секторски студии*
- *Ажурирање на базата на податоци на АВРМ и нејзино усогласување со моделот за предвидување вештини*
- *Воспоставување на Опсерваторија на вештини, развиена и раководена од страна на Министерството за образование и наука (МОН) која служи како референтна точка за моделот за предвидување на вештини*
- *Спроведување на анкети и студии од страна на единицата за пазарот на трудот на МТСП.*

Сепак за спроведувањето на овие активности, односно воспоставување на моделот за предвидување на вештини и опсерваторијата на вештини, нема никакви информации. Иако се дел од акциски план кој е составен од претходната влада, сепак неговото важење е потврдено со тоа што е напоменат како релевантен во оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2019 година.

Со цел да има поголема усогласеност помеѓу занимањата и вештините на младите, се посочува и потребата од кариерно насочување на младите. „Во 2014 година, приближно 50 општи средни училишта нуделе настава за кариерно насочување како изборен предмет (со приближно 4.000 што ја посетувале наставата), додека, пак, 36.000 ученици во средните училишта за стручно образование имале пристап до услугите на центрите за кариерен развој. Наставата за кариерно насочување во средните училишта, сепак, сè уште се нуди врз основа на проекти и не е интегрирана во наставната програма.“[136]

**Со планот се предвидува до 2020 да се постигнат следните исходи во поглед на кариерното насочување:**

- *Услуги базирани на системот за предвидување на вештини како дел од наставната програма на државно ниво*
- *Ажурирани информации за пазарот на трудот кои се засновани врз системот за предвидување вештини и се споделуваат со сите млади лица пријавени како невработени во локалните центри за вработување*
- *услуги за кариерно насочување и советување за вработување за подобрување на нивните капацитети за снаоѓање на пазарот на трудот за сите млади невработени лица што првпат се пријавуваат во АВРМ добиваат.*

Програмата за економски реформи ја препознава потребата да се зголеми опфатот на активните мерки за младите и предвидува и подобрување на квалификациите на наставниците и зголемување на уписот во предучилишно како и стимулирањето на учењето пракса во средно образование.[137]

134 Ibid., стр 23
135 World Economic Forum, "The Global Competitiveness Report 2014-2015" (World Economic Forum, 2014).
136 Министерство за труд и социјална политика, "Акциски план за вработување млади лица 2016-2020 година.", стр 32
137 Министерство за финансии, "Програма На Економски Реформи 2018-2020 Година," January 2018.

Еден од проектите кој започнал да се спроведува во 2017 година и е посочен како позитивен е проектот за дуално стручно образование. Се предвидува да им се даде поддршка на компаниите во индустријата со тоа што учениците за време на своето средно образование ќе бидат подготвувани за работа во конкретна компанија како типичен пример за јавно-приватно партнерство.[138] Пилот проект воведен во 2017 година, кој исто така се споменува како позитивен пример од интервјуирани лица и учесници во фокус групите, е проектот за дуално техничко образование. Министерствата во септември 2019 година,[139] објавија дека овој модел на едукација ќе се спроведува низ целата земја, обезбедувајќи поддршка за компаниите во преработувачката индустрија преку подготвување ученици од средно училиште за работа во некои од нив. Во 2018 пак, Стратешкиот план на МОН посочува дека започнал да се спроведува 10 годишниот проект „Образование за вработување во Македонија“ чиј фокус е насочен кон унапредување на неформалното и формалното стручно образование во технолошкиот, услужниот и ИТ секторот, а ќе бидат опфатени млади невработени и несоодветно вработени лица на возраст до 29 години и ученици од стручното образование и обука.[140]

МОН исто така посочува дека е постигнат значителен напредок со развој на системот на квалификации (Национална рамка на квалификации).[141] Со развојот на овој систем се стреми кон тоа да се воспостави рамнотежа помеѓу понудата и побарувачката на знаење, вештини и компетенции, еднаков пристап во системот на образование и обука.[142]

| | |
|---|---|
| **Надлежна институција** | АВРМ, ЦРРМ, УЈП, канцеларија на Обединети нации за поддршка на проекти (УНОПС) |
| **Мерка** | Обука на работно место за познат работодавач,[142] |
| **Цел и поддршка** | Целта на мерката е стекнување на вештини на невработените лица за извршување на работните задачи, Лица што ќе посетуваат обука ќе добијат месечен надоместок во висина од 9.000 денари, На работодавачот ќе му биде исплатен еднократен износ од 5.000 денари по обучено лице по завршена обука со исклучок за корисници на гарантирана минимална помош за кои ќе биде исплатено 10.000 денари по обучено лице по завршена обука |
| **Постапка и корисник** | Пријава за учество во програмата од страна на работодавецот, поминување на програма за обука. Доставување на известување до невработени лица, пребарување од евиденцијата на невработени лица врз основа на профилирање. |
| **Имплементација** | Селекција на работодавачи; Селекција на невработени лица; Договор со работодавач и со невработено лице; Обука на невработени лица; Вработување; Мониторинг |

| | |
|---|---|
| **Надлежна институција** | МТСП, АВРМ, МИОА и спроведувачи на обуки |
| **Мерка** | Обуки за побарувани дигитални вештини (со кофинансирање); Обуки за напредни ИТ вештини; Обуки за напредни ИТ вештини (со кофинансирање); В Воведни Обуки за ИТ вештини (on line) |
| **Цел и поддршка** | Целта на мерките е преку обука да се задоволат потребите од побарувани дигитални вештини како и напредни вештини. За оваа цел има четири мерки кои обезбедуваат различни новоа на поддршка за корисникот и за спроведувачите на обуките. |
| **Постапка и корисник** | Невработени млади лица до 29/34 години преку Јавен повик/Известување, пребарување од евиденција на невработени лица врз основа на профилирање и ИПВ, Пријава и Изјава за согласност можат да се пријават. |
| **Имплементација** | Јавен повик за невработени лица и пребарување од евиденција на невработени лица врз основа на профилирање и ИПВ; Јавен повик за спроведувачи на обуки; Пријава за учество на спроведувачи на обука; Селекција на спроведувачи на обука; Селекција на невработени лица од страна на спроведувачот на обуката; Обука на невработени лица; Мониторинг |

138 Министерство за образование и наука, "Стратешки План 2019 – 2021," http://www.mon.gov.mk/images/Florentin_MON/%D0%90%D0%BD%D0%B0%D1%81%D1%82%D0%B0%D1%81%D0%B8%D1%98%D0%B0/%D0%A1%D1%82%D1%80%D0%B0%D1%82%D0%B5%D1%88%D0%BA%D0%B8_%D0%BF%D0%BB%D0%B0%D0%BD__2019-2021_-_1.pdf.

139 https://bit.ly/2Xx4O3v

140 Ibid.

141 Министерство за образование и наука, "Остварени резултати на Министерството за образование и наука во 2017 година, во функција на остварување на стратешките приоритети на Владата на Република Северна Македонија за 2017 година," 2018, http://mrk.mk/wp-content/uploads/2019/02/%D0%98%D0%B7%D0%B2%D0%B5%D1%88%D1%82%D0%B0%D1%98-%D0%B7%D0%B0-%D0%BE%D1%81%D1%82%D0%B2%D0%B0%D1%80%D0%B5%D0%BD%D0%B8-%D1%80%D0%B5%D0%B7%D1%83%D0%BB%D1%82%D0%B0%D1%82%D0%B8-%D0%B2%D0%BE-2017-%D0%B3%D0%BE%D0%B4%D0%B8%D0%BD%D0%B0.pdf

142 Министерство за труд и социјална политика, "Оперативен план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2019 година."

| | |
|---|---|
| **Надлежна институција** | АВРМ, МТСП, УНДП и СДЦ |
| **Мерка** | Практиканство,[143] |
| **Цел и поддршка** | Стекнување практични работни знаења и вештини потребни за извршување работни задачи на одредени работни места, Лицата што ќе се вклучат во практиканство ќе добијат месечен надоместок во висина од 9.000 денари месечно |
| **Постапка и корисник** | Невработени млади лица до 34 години преку Известување, пребарување од евиденција на невработени лица врз основа на профилирање и ИПВ, Пријава и Изјава за согласност |
| **Имплементација** | Пријава за учество на работодавачи; Селекција на работодавачи; Објавување јавен повик/известување за невработени лица; Селекција на невработени лица; Реализација на практикантската работа во времетраење до 3 месеци; Мониторингодина |

143 Ibid.

## НАОДИ ЗА МЛАДИНСКО ВРАБОТУВАЊЕ

Нашите испитаници утврдија неколку фактори кои придонесуваат кон погоре утврдената состојба: работодавците и нивниот пристап кон вработувањето; јазот помеѓу понудата на работната сила и барањата на пазарот и недоволната соработка помеѓу клучните чинители, вклучувајќи ги владините институции, образовните институции и бизнисите, односно работодавците. Овие фактори предизвикуваат незадоволство кај младите по што тие бараат подобрите услови кои ги нудат пазарите во странство, главно во ЕУ.

### Пристапот на работодавците

Прво, според дел од испитаниците, работодавците често поради желбата за брз профит ги занемаруваат основните средства за стимулација кај вработените како што е платата или потенцијалот за нивно развивање како што вели претставникот од CEED Hub:

> *„И кривицата ја гледам исто во бизнисот. Порано кога зборувавме со бизнисот пред десетина години за овие работи, за да се вклучат активно во обука на младите, мислеа дека тоа не им е потребно, дека потребни им се пазари, потребни им се пари, потребно им е некој да им помогне да се пробијат до некој друг пазар, а малку се вложуваше во младите“.*[144]

А истото го потврдува и универзитетскиот професор по бизнис и економија Абдулменаф Беџети, од Универзитетот на Југоисточна Европа (ЈИЕ), кој вели: *„Пред 10 години компаниите бараа најголем пристап до изворите за финансирање, да им кажеш ќе ве подржуваме со капацитети, ќе ве поддржиме консултантски – не ни треба памет, ни треба пристап до пари. Сега имав конференција на Универзитетот каде 90% од претприемачите не спомнаа пари“.*[145] Покрај тоа, според испитаниците од истражувањето на Националниот младински совет во 2016, дури и младите луѓе мислат дека работодавачите не инвестираат доволно во нив.[146]

Проблемот од страна на работодавците може да се забележи и во однос на барањето работници, каде *„што често гледаме огласи во кои се бара искуство а во тој јаз од завршување на образованието до прво вработување младите немаат многу често каде да го стекнат тоа искуство“*[147] вели претставничката од Finance Think. Ова е исто така потврдено во една неодамнешна студија која укажува на тоа дека работодавачите сметаат дека недостасуваат одредени професии или учениците тешко можат да се вработат, заклучок кој исто така укажува на негативна оценка за квалитетот на образовниот процес.[148] Во оваа смисла, поимот „вработливост“ се однесува на подготвеност за работа, во поглед на поседување на вештини, знаење, став и разбирање на индустријата, што ќе им овозможи на дипломираните студенти да придонесат продуктивно кон организациските цели многу брзо по нивното вработување. Посебно, според истражувањето спроведено на 25 компании, „најбараните вештини што младите треба да ги имаат, за да бидат ангажирани во компаниите се: самоиницијативност, посветеност, упорност, адаптибилност, тимска работа, продажни вештини и иновации“.[149] Анкетираните компании работеле во областа на производството, финансиските услуги; индустрија; ИТ секторот и 88% од нив се урбани компании, додека 12 се рурални.

144 Интервју со претставник од - CEED Hub

145 libertas.mk, "Беџети за 1ТВ: Во земјава нема работна сила која ќе биде продуктивна за ниска плата," March 28, 2019, https://www.libertas.mk/bedheti-za-1tv-da-se-otpushat-kanalite-na-institutsiite-za-da-se-raboti-na-ekonomijata/?fbclid=IwAR0Qv_Dr_NHHnUlN9A_FveCZvYRlyJRx15Z-SjF-N_3SwOlvePmFJ9UiLEU

146 National Youth Council of Macedonia, "Research and analysis of job skills of the youth in the Republic of Macedonia", 2016 Националниот младински совет на Македонија, "Истражување и анализа на работните вештини на младите во Република Македонија," 2016, http://www.nms.org.mk/wp-content/uploads/2017/07/Istrazuvanje-i-analiza-na-rabotnite-veshtini-na-mladite.pdf.

147 Интервју со претставник од Finance Think

148 Marija Topuzovska Latkovic et al., "Study on youth of the Republic of North Macedonia 2018/2019", 2019 Марија Топузовска Латковиќ et al., Студија за млади на Северна Македонија 2018/2019, 2019, http://library.fes.de/pdf-files/bueros/skopje/15292.pdf?fbclid=IwAR3cguzXCwH9vq1Tp0xeDDSTurwe3vU6hobM9s-F73ODx6QWw-cndaqjZQys.

149 National Youth Council of Macedonia, "Research and analysis of job skills of the youth in the Republic of Macedonia", 2016 Националниот младински совет на Македонија, "Истражување и анализа на работните вештини на младите во Република Македонија," 2016, http://www.nms.org.mk/wp-content/uploads/2017/07/Istrazuvanje-i-analiza-na-rabotnite-veshtini-na-mladite.pdf.

## Јазот помеѓу понудата на работната сила и барањата на пазарот

Следниот фактор на влијание врз невработеноста кај младите идентификуван од страна на нашите испитаници е постоечкиот јаз меѓу понудата на работна сила, од една страна, и побарувачката за таква сила од страна на компаниите, од друга страна.[150] Ова е потврдено во едно неодамнешно истражување, каде што две третини од испитаниците сметаат дека наставните програми на училиштата не се прилагодени на барањата за работа (69%), (31%) сметаат дека се прилагодени, додека една четвртина од испитаниците имаат работа која бара пониско ниво на образование од оној што го имаат.[151] Дополнително, повеќето млади луѓе кои работат, се вклучени во традиционални сектори, кои се најмалку платени работни места, како што се градежништвото, земјоделството и производството.[152]

Сепак, голем број на млади луѓе се уште решаваат да не се запишуваат во техничките училишта, додека оние кои добиваат високо образование, не успеваат да најдат работа со стекнатите образовни профили. Најголемиот дел од нив решаваат да студираат општествени науки, право и економија, но сепак се свесни дека пазарот на работна сила е заситен со такви професии.

## Недостаток на „троен хеликс"

Исто така проблем е слабата соработка помеѓу државата и образованите институции, особено академијата, како и бизнисите, бидејќи се добива впечаток како сите да прават работи поврзани со претприемништво, но секој (од овие чинители) од своја призма, а таа несоработка и неинформираност доведува и до преклопување на одредени проекти, програми или механизми за финансиска помош. [153] Дополнително се гледа и дека недостасува соработка помеѓу владините институции и тела, односно како што вели претставникот од министерството за економија

> *„Недостасува подобра координација и соработка во делот на креирање на мерките за поддршка помеѓу министерствата и остнатите институции кои спроведуваат програми 154 за поддршка и поттикнување на претприемништвото. И не само тоа, недостасува координација и соработка и во делот на промоцијата на истите. Пристапот треба да биде координиран со таргетирање на целните групи".*[155]

Ова може да се увиди и низ документите и стратегиите на министерствата каде недостасува поврзување на мерките и јасно посочување на тоа која институција учествува и е одговорна за кои мерки и политики. Еден конкретен пример е и Гаранцијата за млади која е посочена од повеќе институции. На пример во оперативниот план на МТСП се наведува дека за оваа мерка *„потребна е координирана и заедничка акција на повеќе владини институции, пред се МТСП, АВРМ и МОН, социјални партнери и граѓански организации"*[156] при што не се споменува министерството за финансии, додека во програмата на економски реформи на МФ[157] се споменува единствено АВРМ како имплементатор на оваа мерка.

Независно можеме да видиме позитивен исчекор во оваа област (како што беше елаборирано во секцијата 4.3), со оглед на тоа што и Деловно – технолошки Акцелератор УКИМ и ИНОФЕИТ - Центарот за трансфер на технологии и иновации, претставуваат добар пример за троен хеликс.

150 Confirmed by several of our interviewees.
151 Marija Topuzovska Latkovic et al., "Study on youth of the Republic of North Macedonia 2018/2019", 2019 Марија Топузовска Латковиќ et al., Студија за млади на Северна Македонија 2018/2019, 2019, http://library.fes.de/pdf-files/bueros/skopje/15292.pdf?fbclid=IwAR3cguzXCwH9vq1Tp0xeDDSTurwe3vU6hobM9s-F73ODx6QWw-cndaqjZQys.
152 Ibid.
153 Interview with a representative of the Ministry of Economy
154 http://www.economy.gov.mk/Upload/Documents/%D0%9F%D0%A0%D0%9E%D0%93%D0%A0%D0%90%D0%9C%D0%90%20%D0%9A%D0%98%D0%9F%20 2019%20%D0%A1%D0%BB.%D0%B2.%20%D0%B1%D1%80.16%20%D0%BE%D0%B4%202019.pdf
155 Интервју со претставник од Министерство за економија
156 Министерство за труд и социјална политика, "Оперативен план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2019 година.", стр.43
157 Министерство за финансии, "Програма на економски реформи 2019-2021 година.", стр. 91

## Условите кои ги нуди „западниот“ пазар

Неповолната економска ситуација и односот на работодавците е фактор за незадоволство кај младите и предизвикува дополнително да се зголеми миграцијата односно иселувањето од земјава, особено кај младите кои сакаат да бидат третирани со почит и да бидат соодветно платени. За ова сведочат и податоците на Светска банка, според кои 29% од високо образованите луѓе од државата, живеат или работат во странство[158], додека вкупно 564,949 илјади луѓе живеат во странство.[159]

Националната стратегија за вмрежување, соработка и намалување на одливот на високообразовни и стручни кадри 2013 – 2020, изработена од Владата со цел да се справи со одливот на мозоци, воочува дека:

> *„речиси 80% од студентите во завршните години на студии на техничките факултети размислуваат или планираат да заминат од земјата. Оваа таканаречена потенцијална миграција, расте од 2005 година наваке, и доколку не бидат преземени сеопфатни активности, ова ќе резултира со сериозно намалување на потенцијалот за економски и демографски развој и на долг рок ќе има сериозни негативни импликации за Република Македонија.“*[160]

Во Националната Стратегија посветена на одливот на високообразовни кадри исто така се посочува дека треба да се премине кон прилив на мозоци во обид на враќање на интелектуалната емиграција преку отварање на истражувачки институции и компании. Според нив одливот има негативни ефекти врз државата, кои веќе се чувствуваат (52.35% од анкетираните афирмативно одговориле дека ги чувствуваат негативните ефекти), следните точки ги посочиле како клучни: губиток на идните стручни работници, губење на идните стручни претприемачи и намалена циркулација на иновативни идеи во земјата.[161]

Следствено, доколку почне да се гледа државата во малку поширок контекст, во смисла на тоа дека не постојат само државни институции, во услови на голема миграција односно иселување на младите од земјата, на приватниот сектор ќе почне да му недостасува работна сила. Нема да недостасува само квалификувана работна сила, туку и неквалификувана, и тоа ќе биде првичниот аларм и поттик приватниот сектор да се вклучи (самоиницијативно) во напорите на државата да ги задржи младите луѓе и да направи услови за тие да не се иселуваат и да бидат вклучени поконкретно на пазарот на труд, што на долг рок ќе придонесе кон раздвижување на економијата, преку продуктивноста на оваа работна сила. Неодамнешните владини изјави исто така го потврдуваат тоа, бидејќи Заменикот премиер за економски прашања истакна дека:

> *„Најбараните занимања се машински инженер, градежен инженер, електротехничар, шивач, пекар, готвач, слаткар. Активностите треба да се насочат кон отворање работни места кои ќе бидат подобро платени и поатрактивни за младите да останат во државата и да се обезбедат услови за преквалификација на невработените кои немаат соодветна едукација.*
>
> *Проблемот со бројот на невработени не е толку голем во Македонија колку што е структурата на навработеноста.*
>
> *Да престанеме да се залажуваме дека 95 проценти е здраво за едно опшеттсво а не е и за нив самите дека треба да одат на универзитет, не е сета срeќча во тоа, подобро е да имае знаење и струка и со неа добро да живеете и заработувате оид вашата 18 или 19 година отколку да завршите универзитет кој нема да биде почитуван и од кој на крај ќе добиете диплома со која не ќе знаете што да правите ако е несодветна на реачната состојба во државата“.*[162]

158 World Bank Group, Migration and Remittances Factbook 2016., Third edition (Washington, DC: World Bank, 2016), https://siteresources.worldbank.org/INTPROSPECTS/Resources/334934-1199807908806/4549025-1450455807487/Factbookpart1.pdf

159 World Bank Group, "Migration and Remittances Data," http://www.worldbank.org/en/topic/migrationremittancesdiasporaissues/brief/migration-remittances-data

160 Анета Додевска, "Егзодус: Секој трет образован ја напуштил Македонија," prizma.mk, November 4, 2016, https://prizma.mk/egzodus-sekoj-tret-obrazovan-ja-napushtil-makedonija/

161 Ibid.

162 faktor.mk, "Angjushev: The problem is not the percentage of unemployment, but the structure," March 20, 2019, https://faktor.mk/angjushev-ne-e-problem-nevrabotenosta-tuku-negovata-struktura?fbclid=IwAR0n2q-jrx8CJXU_S9__hns_LeuWyMEmR0C8P9go01kb9e1fmAK2Cf5QI9o.

За оваа состојба, како што вели проф. Радмил Поленаковиќ „ приватниот сектор станува свесен дека младите си бегаат на запад, и остануваат без работна сила“[163], што би значело дека веќе е запален алармот и кај работодавците и неминовно би дошло до освестување за подобрување на работните услови, пред се во делот на давање соодветна плата.  Исто така, за иселувањето во земјите од Западна Европа, важни се и факторите на стабилност на работното место, изразени преку силните синдикални движења кои ги гарантираат работничките права, но и ефикасната јавна администрација и квалитетниот судски систем.[164] Функционална јавна администрација, и независно судство би ги охрабриле потенцијалните инвеститори и работодавците во стабилноста на инвестициите и деловната клима, и  ќе обезбедат поддршка од државата.

163 Интервју со претставник од Машински факултет
164 https://faktor.mk/angjushev-ne-e-problem-nevrabotenosta-tuku-negovata-struktura?fbclid=IwAR0n2q-jrx8CJXU_S9__hns_LeuWyMEmR0C8P9go01kb9e1f-mAK2Cf5Ql9o.

# Заклучоци и препораки

Подолу ги презентираме препораките кои се базират на наодите од нашата анализа и семи-структурирани интервјуа. Ги истраживме различните бариери, можности и околности поврзани со малдинското вработување и претприемништво. Препораките се групирани покривајќи ги следните теми: можности и бариери за вклучување на младите во претприемништво; образование за претприемништво; можности и бариери за младинско вработување во приватниот сектор.

Препораките целат кон тоа да го олеснат процесот на отстранување на бариерите за вработување и претприемништво на младите во приватниот сектор. Повеќето од овие препораки доаѓаат од нашите испитаници, како клучни чинители кои работат и се запознаени со локалниот екосистем за претприемништво. Препораките се поделени согласно темите кои беа анализирани во ова истражување.

## Препораки за отстранување на пречките и поттикнување на младите луѓе да се вклучат во претприемништво

**Следниве препораки, во согласност со оваа одредба, треба да ги охрабрат младите луѓе да бидат повеќе вклучени во претприемништво:**

- Сервисите за поддршка на стартапи треба да бидат децентрализирани за да има рамномерни услуги низ цела Република Северна Македонија со што би им се обезбедил еднаков пристап на сите стартапи.
- Министерството за економија и Министерството за финансии треба да работат на поедноставување и скратување на административните процедури и олеснување на административниот товар за претприемачите
- Министерството за образование и Министерството за економија треба да спроведат и да стават на располагање обуки за водење на финансии и водење бизнис, т.е. тренинзи за одржливост на бизнисот – кои ќе ги вклучат и постојните деловни бизниси, покрај новите.
- Министерството за економоија заедно со Агенцијата за поддршка на претприемништво и ФИТР треба да обезбедат повеќе средства за стартапии да ги поврзат со високо ризични фондови (venture capital funds).
- Министерството за економија заедно со кабинетот на Вице-премиерот за економски прашања треба да развијат политики, закони и фондови за поддршка и воспоставување на технолошки и научни паркови, фондови за стартапи, ризични фондови и бизнис ангели.
- Општините треба да се стремат кон создавање на локални екосистеми за претприемачи, заедно со банките, компаниите и особено родителите.
- Министерството за економија заедно со Агенцијата за претприемништво треба да создадат пакети наменети за поддршка на млади претприемачи кои се состојат од финансиска поддршка, консултантски услуги за отворање и водење компанија и развој на маркетинг и план за продажба.
- Универзитетите заедно со Министерството за образование треба да воведат програма за менторство за студенти во последните години од студиите со успешни претприемачи.

## Препораки за претприемничко образование:

- Министерството за образование треба да ги прилагоди програмите/наставните планови и литературата на универзитетите, средните училишта и стручните обуки и дуалното образование на начин каде што предметите за претприемништво се задолжителни и обезбедуваат континуитет. Паралелно со оваа активност, многу е важно доколку претприемништвото се интегрира во други предмети, како што се хемија, физика, математика и сл, особено во техничките училишта и во дуалното образование.
- Министерството за образование и компаниите треба да обезбедат повеќе стаж/практика за да ги мотивираат студентите да изготват есеи, деловни случаи и деловни планови, изводливи, сеопфатни и точни, за иновативни производи и услуги. Треба да се зајакне директната поддршка за основните и средните училишта во врска со обука, дополнителна обука, напредна обука - пред сè и за наставниците - на предмети поврзани со претприемништво.
- Воведување на менаџмент и претприемништво како предмет во сите технички и инженерски универзитети.
- Министерството за образование треба да преземе активности за пренесување преку различни програми во основните, средните училишта и на универзитетите, да создава млади луѓе со претприемачки потенцијал, иноватори и носители на ризици, не само преку измени на наставната програма, туку и методите на предавање на професорите.

## Општи препораки за отстранување на пречките за вработување на млади во приватниот сектор:

- Министерството за труд и социјална политика, Министерството за образование и наука и Агенцијата за вработување треба да ги промовираат можностите за вработување со најмногу погонски професии и стручно образование. Приватниот сектор, преку Стопанските комори, треба да биде составен дел од оваа активност
- Министерството за труд и социјална политика и Министерството за економија треба да ја поддржат и зајакнат работата и позицијата на синдикатите како социјален партнер што ќе ги брани правата на работниците и ќе придонесе за подобрување на нивните придобивки.
- Зголемена координација и комуникација за креирање и спроведување мерки под исти надлежности/сектори, како што е мерката „Гаранција за млади" помеѓу Министерството за труд и социјална политика, Агенцијата за вработување и Агенцијата за млади и спорт.
- Воспоставување јасни линии на одговорност помеѓу ресорните министерства и агенциите одговорни за спроведување и мерење на влијанието на одредена програма или одредена мерка или дел од политиката поврзана со мерките за вработување, т.е. Министерството за труд и социјална политика; Агенцијата за вработување; и Министерството за образование и наука.
- Да се креира список на најбарани професии и работни места и редовно да бидат комуницирани со средношколците, со силна поддршка за дуалното образование и негово промовирање во јавноста од страна на Министерството за образование, Министерството за труд и социјална политика заедно со стопанските комори.
- Министерството за образование треба да размисли за вклучување на програми за личен развој на образовни програми во средните училишта и/или универзитети, кои вклучуваат работа на „меки вештини" како што се иницијативи, посветеност, упорност, прилагодливост, тимска работа и вештини за продажба.

# Анекс 1 - Клучни чинители, мерки и политики во државата

## Институционален контекст и клучни чинители

Во следната секција се посочени клучните чинители во државата во областа на вработувањето, младите и претприемништвото. Опфатени се државните институции и тела како и организации, здруженија и фондации. Потоа е посочен и дијаграм по концептот на троен хеликс кој посочува на кој начин би можело да соработуваат владиниот, академскиот и приватниот сектор.

| Клучни министерства | |
|---|---|
| **Министерство за труд и социјална политика** | Носи политики и мерки кои обезбедуваат материјално обезбедување на привремено невработените, политики за вработување и еднакви можности како и заштита на младината. |
| **Министерство за образование и наука** | Одговорно за организацијата, финансирањето, развојот и унапредувањето на воспитанието, образованието и науката како и технолошкиот развој, информатиката и техничката култура |
| **Министерство за економија** | Еден од главните приоритети на ова министерство е да даде поддршка на малите и средните претпријатија, да поттикне отворање на нови работни места и да придонесе кон динамичен екосистем на претприемништво и иновации. Најважниот сектор за предметот на ова истражување е секторот за претприемништво и конкурентност кој има клучна улога во креирањето на мерките за поддршка и развој на претприемништвото. |
| **Министерство за финансии** | Должно да управува со јавните финансии со цел да се постигне повисок економски раст. Министерството настојува преку реализација на прогресивни идеи од својот домен да придонесе за зајакнување на функционалната пазарна економија која се темели на знаење, иновации и одржлив развој. |
| **Министри без ресор** | Еден министер задолжен за регулатива за подобрување на инвестициската клима за домашните претпријатија, и три министри задолжени за странски инвестиции |
| **Национални агенции** | |
| **Агенција за вработување** | Агенцијата за вработување е јавна установа која врши професионална, организациска, административна и други работи поврзани со осигурување при вработување и невработеност и обезбедува поддршка, помош и услуги за учесниците на пазарот на трудот. |
| **Агенција за поддршка на претприемништво** | Агенцијата поддржува одржлив економски развој, регионален развој и обезбедува поддршка со цел зголемување на вработеноста во земјата. Агенцијата поддржува претпријатија во текот на текот на започнувањето на нови бизниси, нивниот раст и развој и постигнување на технолошко ниво за нивна конкурентска промоција на меѓународниот пазар.<br><br>Имајќи ја улогата на медијатор помеѓу креаторите на политиките и малите и средни претпријатија, Агенцијата одржува тесна соработка и континуирана комуникација со сите институции кои се занимаваат со промовирање на претприемништво и поддршка на малите и средни претпријатија. |
| **Агенција за млади и спорт** | Агенцијата за млади и спорт е поделена во неколку сектори, додека младинскиот сектор се занимава со сфери на интерес и потреби на младите и нивната улога во развојот на земјата. Овој оддел има два одделенија: Сектор за младинска политика и обука и Одделение за меѓународна соработка.. |
| **Агенција за европски образовни програми и мобилност** | Агенцијата за европски образовни програми и мобилност има за цел да работи на промоција и имплементација на европски програми во областа на образованието, обуката, младите и спортот во земјата и е администратор на програмата „Еразмус +“. Во исто време, Агенцијата е една од засегнатите страни што влијае врз младинските политики, особено преку поттикнување на европските трендови во младинската политика во земјата. |

| Други институции и тела | |
|---|---|
| **Фонд за иновации и технолошки развој**[165] | Оваа институција е основана со цел да поттикне иновации, преку обезбедување дополнителни извори за финансирање на иновациите, заради потребата да се изгради конкурентна економија основана на знење. |

| Други клучни чинители | |
|---|---|
| **Национален совет за претприемништво и конкурентност на РМ** | Мисија на НСПК на РМ е да промовира идеи и начела кои ќе овозможат долгорочен и одржлив економски развој на Република Македонија |
| **Стопанската комора на мал бизнис**[166] | Активностите на КМБ се поклопуваат со подготовката на земјата за асоцијација во ЕУ и посветени на работа со стопанските состојби кај малите и средни претпријатија. |
| **Регионални бизнис центри**[167] | Регионални бизнис центри: тековно функционираат десет регионални центри, вклучувајќи пет РЕСС лоцирани во Скопје[168] , Струмица, Велес, Куманово, Битола, три АПП во Охрид, Тетово и Гостивар, Агенција за развој на претпријатијата во прилепскиот регион и еден Деловен информативен центар на Ромите во Скопје |
| **Националниот центар за развој на иновации и претприемачко учење**[169] | Промоција, поддршка и развој на иновациите и претприемачкото учење, со цел намалување на невработеноста преку формирање нови иновативни бизниси и зајакнување на секторот на мали и средни претпријатија во Република Македонија. |
| **Македонска развојна фондација за претпријатија**[170] | Мисијата на МРФП е поддршка на развојот на малите претпријатија. Директните клиенти на МРФП се акредитираните посредници вклучени во испорака на финансиски услуги, како и организации на претприемачи со кои развива партнерства за промоција на претприемништво. |
| **Старт ап центри**[171] | Бизнис старт-ап центар и Национален центар за развој на иновации и претприемачко учење во рамките на Машински факултет на Универзитетот Св. Кирил и Методиј во Скопје |

165 http://www.fitr.mk/portfolio-item/%D0%BD%D0%B0%D1%88%D0%B0%D1%82%D0%B0-%D0%BE%D1%80%D0%B3%D0%B0%D0%BD%D0%B8%D0%B7%D0%B0%D1%86%D0%B8%D1%98%D0%B0/
166 http://www.sbch.org.mk/za-nas/%D0%B7%D0%B0-%D0%BD%D0%B0%D1%81.
167 http://economy.gov.mk/Upload/Documents/Strategija%20za%20MSP%20-%20finalna%20verzija%2003%2004%202018%20.pdf
168 http://www.recs.org.mk/index.asp?ID=2
169 https://ncdiel.mk/2015/12/22/%D0%B7%D0%B0-%D0%BD%D0%B0%D1%81/
170 http://www.mrfp.org.mk/mk/22-struktura/110-sovet-na-mrfp.html#
171 Министерство за економија, "Национална стратегија за мали и средни претпријатија 2018-2023," March 2018, http://economy.gov.mk/Upload/Documents/Strategija%20za%20MSP%20-%20finalna%20verzija%2003%2004%202018%20.pdf

# Библиографија

1. Angelova, Biljana and Tasheva, Violeta. "Constructive Cultural Blocks of Entrepreneurship in the Republic of Macedonia (The Influence of Culture's Value on Entrepreneurship)." European Academic Research 1, no. 2 (2013). http://www.euacademic.org/UploadArticle/6.pdf.

2. European Commission. "The Former Yugoslav Republic of Macedonia 2018 Report." Commision Staff Working Document. Strasbourg: European Commission, April 17, 2018. https://ec.europa.eu/neighbourhood-enlargement/sites/near/files/20180417-the-former-yugoslav-republic-of-macedonia-report.pdf.

3. European Centre for the Development of Vocational Training, ed. Terminology of European Education and Training Policy: A Selection of 100 Key Terms. Luxembourg: Office for Official Publications of the European Communities, 2008.

4. European Commission. "Employment and Entrepreneurship," n.d. https://ec.europa.eu/youth/policy/youth-strategy/employment-entrepreneurship_en.

5. Eurostat. Entrepreneurship Determinants: Culture and Capabilities. Luxembourg: Publ. Off. of the Europ. Union, 2012. http://dx.doi.org/10.2785/29545.

6. Eurostat. "Glossary: Innovation," n.d. https://ec.europa.eu/eurostat/statistics-explained/index.php/Glossary:Innovation.

7. Eurostat. "Small and Medium-Sized Enterprises (SMEs)," n.d. https://ec.europa.eu/eurostat/web/structural-business-statistics/structural-business-statistics/sme?p_p_id=NavTreeportletprod_WAR_NavTreeportletprod_INSTANCE_vxlB58HY09rg&p_p_lifecycle=0&p_p_state=normal&p_p_mode=view&p_p_col_id=column-2&p_p_col_pos=1&p_p_col_count=4.

8. Faktor.mk. "Светска банка: Решеното име отвара простор за поголем раст," April 19, 2019. https://faktor.mk/svetska-banka-reshenoto-ime-otvara-prostor-za-pogolem-rast--1.

9. Fakulteti.mk. "Дуално стручно образование од септември во две средни училишта во Кавадарци и во Охрид," August 16, 2018. https://www.fakulteti.mk/news/18062018/dualno-struchno-obrazovanie-od-septemvri-vo-dve-sredni-uchilishta-vo-kavadarci-i-vo-ohrid.

10. Fakulteti.mk. "Министрите За Образование Најкратко Траат - Се Сmениле 12 Во 18 Години," n.d. https://www.fakulteti.mk/news/25072018/ministrite-za-obrazovanie-najkratko-traat---se-smenile-12-vo-18-godini.

11. Global Entrepreneurship Monitor. "Global Entrepreneurship Monitor Report for 2016/2017," n.d. https://www.gemconsortium.org/report/gem-2016-2017-global-report.
12. Global Entrepreneurship Monitor. "How GEM Defines Entrepreneurship," https://www.gemconsortium.org/wiki/1149.

13. Gribben, Anthony A. "Tackling Policy Frustrations to Youth Entrepreneurship in the Western Balkans." Small Enterprise Research 25, no. 2 (May 4, 2018): 183–91. https://doi.org/10.1080/13215906.2018.1479294.

14. Institute of Economics-Skopje, University "Ss. Cyril and Methodius." "Economic Development" 20, no. 1–2 (2018).

15. KNOWLEDGE – International Journal. "Knowledge in Practice," 2018. http://eprints.ugd.edu.mk/21126/1/BRAIN-DRAIN.pdf.

16. libertas.mk. "Беџети за 1ТВ: Во земјава нема работна сила која ќе биде продуктивна за ниска плата," March 28, 2019. https://www.libertas.mk/bedheti-za-1tv-da-se-otpushat-kanalite-na-institutsiite-za-da-se-raboti-na-ekonomijata/?fbclid=IwAR0Qv_Dr_NHHnUlN9A_FveCZvYRIyJRx15Z-SjF-N_3SwOlvePmFJ9UiLEU.

17. OECD. "Understanding Key Terms and Modalities for Private Sector Engagement in Development Co-Operation," 2016. https://www.oecd.org/dac/peer-reviews/Inventory-1-Private-Sector-Engagement-Terminology-and-Typology.pdf.

18. tocka.com.mk. "Скопје предложен за европски стартап град за 2019 година," April 18, 2019. https://tocka.com.mk/vesti/304757/skopje-predlozen-za-evropski-startap-grad-za-2019-godina?fbclid=IwAR2RUEJfdIpEQMaO68h87wpCKrZdR7KN080jqnnfXkzTpndlBn0JpKqzO1c.

19. UNESCO. "What Do We Mean by 'Youth'?," n.d. http://www.unesco.org/new/en/social-and-human-sciences/themes/youth/youth-definition/.

20. World Bank Group. "Migration and Remittances Data," n.d. http://www.worldbank.org/en/topic/migrationremittancesdiasporaissues/brief/migration-remittances-data.

21. World Bank Group. Migration and Remittances Factbook 2016. Third edition. Washington, DC: World Bank, 2016. https://siteresources.worldbank.org/INTPROSPECTS/Resources/334934-1199807908806/4549025-1450455807487/Factbookpart1.pdf.

22. World Bank Group. Western Balkans Regular Economic Report No. 15, Spring 2019: Reform Momentum Needed. World Bank, 2019. https://doi.org/10.1596/31506.

23. World Economic Forum. "The Global Competitiveness Report 2014-2015." World Economic Forum, 2014.

24. Агенција за вработување на Република Северна Македонија. "Годишен Извештај За 2018 Година," http://av.gov.mk/content/Dokumenti/%D0%98%D0%B7%D0%B2%D0%B5%D1%88%D1%82%D0%B0%D1%98%20%D0%BD%D0%B0%20%D0%90%D0%92%D0%A0%D0%A1%D0%9C%202018.pdf.

25. Влада на Република Северна Македонија. "Конечен договор за решавање на македонско - грчкиот спор за името и за стратешко партнерство," 2018. https://vlada.mk/node/14958.

26. Влада на Република Северна Македонија. "План за економски раст," n.d. https://konkurentnost.mk/index.php/download/%D0%92%D0%BB%D0%B0%D0%B4%D0%B0-%D0%BD%D0%B0-%D0%A0%D0%9C-%D0%9F%D0%BB%D0%B0%D0%BD-%D0%B7%D0%B0-%D0%B5%D0%BA%D0%BE%D0%BD%D0%BE%D0%BC%D1%81%D0%BA%D0%B8-%D1%80%D0%B0%D1%81%D1%82/?wpdmdl=3708.

27. Влада на Република Северна Македонија. "Почнува Со Работа Деловно-Технолошки Акцелератор УКИМ, Дел Од Научно-Технолошки Парк: Создаваме Директна Поддршка За Иновативни Идеи На Стартапите и Развој На Успешни Бизниси," n.d. https://vlada.mk/node/16833.

28. Влада на Република Северна Македонија. "Премиерот Заев во телевизиско интервју: 2019 ќе биде економска и интеграциска година за граѓаните и за Македонија," December 26, 2018. https://vlada.mk/node/16243.

29. Додевска, Анета. "Егзодус: Секој трет образован ја напуштил Македонија." prizma.mk, November 4, 2016. https://prizma.mk/egzodus-sekoj-tret-obrazovan-ja-napushtil-makedonija/.

30. Државен завод за статистика. "Резултати од Анкетата за работна сила, 2018 година," 2019. http://www.stat.gov.mk/pdf/2019/2.1.19.06.pdf.

31. Државен завод за статистика. "Статистички Годишник На Република Македонија, 2018: Пазар На Трудот," n.d. http://www.stat.gov.mk/Publikacii/SG2018/07-PazarNaTrudot-LabourMarket.pdf.

32. ЕВН Македонија. "Проект на ЕВН „20-20-20" – Повеќе пракса за стручни кадри со имплементација на дуална настава во средното образование," March 17, 2017. https://evn.mk/Mediumi/Public-announcements/%D0%9F%D1%80%D0%BE%D0%B5%D0%BA%D1%82-%D0%BD%D0%B0-%D0%95%D0%92%D0%9D-%E2%80%9E20-20-20%E2%80%9C-%E2%80%93-%D0%9F%D0%BE%D0%B2%D0%B5%D0%BA%D0%B5-%D0%BF%D1%80%D0%B0%D0%BA%D1%81%D0%B0-%D0%B7%D0%B0-%D1%81%D1%82%D1%80%D1%83%D1%87%D0%BD.aspx.

33. Министерство за економија. "Национална стратегија за мали и средни претпријатија 2018-2023," March 2018. http://economy.gov.mk/Upload/Documents/Strategija%20za%20MSP%20-%20finalna%20verzija%2003%2004%202018%20.pdf.

34. Министерство за образование и наука. "Остварени резултати на Министерството за образование и наука во 2017 година, во функција на остварување на стратешките приоритети на Владата на Република Северна Македонија за 2017 година," 2018. http://mrk.mk/wp-content/uploads/2019/02/%D0%98%D0%B7%D0%B2%D0%B5%D1%88%D1%82%D0%B0%D1%98-%D0%B7%D0%B0-%D0%BE%D1%81%D1%82%D0%B2%D0%B0%D1%80%D0%B5%D0%BD%D0%B8-%D1%80%D0%B5%D0%B7%D1%83%D0%BB%D1%82%D0%B0%D1%82%D0%B8-%D0%B2%D0%BE-2017-%D0%B3%D0%BE%D0%B4%D0%B8%D0%BD%D0%B0.pdf.

35. Министерство за образование и наука.. "Стратегија За Образованието За 2018-2025 Година," 2018.

36. Министерство за образование и наука. "Стратешки План 2019 – 2021," 2019. http://www.mon.gov.mk/images/Florentin_MON/%D0%90%D0%BD%D0%B0%D1%81%D1%82%D0%B0%D1%81%D0%B8%D1%98%D0%B0/%D0%A1%D1%82%D1%80%D0%B0%D1%82%D0%B5%D1%88%D0%BA%D0%B8_%D0%BF%D0%BB%D0%B0%D0%BD__2019-2021_-_1.pdf.

37. Министерство за труд и социјална политика. "Акциски план за вработување млади лица 2016-2020 година," Јуни 2015. http://www.mtsp.gov.mk/content/word/dokumenti/2016_Akciski%20plan%20za%20vrabotuvanje%20mladi%202016-2020%20godina_MK%20pv%20-%20Copy.docx.

38. Министерство за труд и социјална политика. Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност, 2017

39. Министерство за труд и социјална политика. "Оперативен план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2019 година," January 2019. http://www.mtsp.gov.mk/fevruari-2019-ns_article-prezentacija-na-operativniot-plan-za-vrabotuvanje-2019-poddrshka-za-samovrabotuvanje-rast-na-plati-i.nspx.

40. Министерство за финансии. Закон за данокот на добивка, 2018.

41. Министерство за финансии. "Програма На Економски Реформи 2018-2020 Година," 2018.

42. Министерство за финансии. "Програма на економски реформи 2019-2021 година," January 2019. https://www.finance.gov.mk/files/%D0%9F%D0%95%D0%A0_%D0%9C%D0%9A%D0%94%202019_%D0%9C%D0%9A.pdf.

43. Националниот младински совет на Македонија. "Истражување и анализа на работните вештини на младите во Република Македонија," 2016. http://www.nms.org.mk/wp-content/uploads/2017/07/Istrazuvanje-i-analiza-na-rabotnite-veshtini-na-mladite.pdf.

44. Топузовска Латковиќ, Марија, Мирјана Борота Поповска, Елеонора Серафимовска, Анета Цекиќ, and Нита Старова. Студија за млади на Северна Македонија 2018/2019, 2019. http://library.fes.de/pdf-files/bueros/skopje/15292.pdf?fbclid=IwAR3cguzXCwH9vq1Tp0xeDDSTurwe3vU6hobM9sF73ODx6QWw-cndaqjZQys.

45. Топузовска Латковиќ, Марија, Мирјана Борота Поповска, Ружица Цацановска, Јорде Јаќимовски, Славејко Сасајовски, Емилија Симоска, and Весна Забијакин Чатлеска. Студија за младите во Република Македонија 2016. Скопје: Институт за социолошки и политичко-правни истражувања, Универзитет „Св. Кирил и Методиј". Скопје, 2016. http://isppi.ukim.edu.mk/images/980428Kvalitativna%20studija%20za%20mladi%20-%20verzija%20za%20pecatenje.pdf.

46. Управа за јавни приходи. "Даноци на доход (директни даноци)," http://www.ujp.gov.mk/mk/vodic/category/856.

47. Управа за јавни приходи. "Даноци на потрошувачка (индиректни даноци)," http://www.ujp.gov.mk/mk/vodic/category/857.

48. Фонд за иновации и технолошки развој. "Програма за изменување и дополнување на среднорочната програма за работа на фонд за иновации и технолошки развој за финансиска поддршка на микро, мали и средни претпријатија." http://www.fitr.mk/wp-content/uploads/2018/12/programa_za_izmena_na_srednorochna_programa_na_fitr_za_period_2018-2020_godina.pdf?fbclid=iwar0soxpayn1tgpi_kgvurxghayydjqz2xnl-n1wuowkc8mu4i8tbrxnkxmu

